# СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]
НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија број 101-11 за огласи 101-11 1-30 1-931

Среда, 21 декември 1960
БЕЛГРАД
БРОЈ 51 ГОД. XVI

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплата за 1960 година изнесува 2.000.— дин., а за странство 3.000.— динари. — Редакција: Улица Краљевиќ'а Марка бр. 9. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 28-010 и 28-417. Администрација 26-276. Продавно одделение 22-619.


651.

Врз основа на членот 97 став 2 од Законот за инвалидското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/58 и 27/59), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ПРОФЕСИОНАЛНАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦАТА НА ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Право на професионална рехабилитација имаат, во случаите и под условите определени со оваа уредба, децата на кои им е потребна рехабилитација заради оспособување за самостоен живот и работа (во натамошниот текст: децата-инвалиди), а за кои по основот на социјалното осигурување се исплатува додатокот на деца во полн или намален износ, и тоа:

1) децата на осигуреници што се наоѓаат во постојан работен однос (член 12 точка 1, чл. 13, 14 и 16 од Законот за инвалидското осигурување) и на други осигуреници од членот 12 на Законот за инвалидското осигурување, како и децата на осигуреници на кои им престанал постојаниот работен однос под околностите што според прописите за додатокот на деца не повлекуваат престанок на правото на тој додаток;

2) децата на инвалиди на трудот што уживаат материјално обезбедување определено по основот на правото на професионална рехабилитација или привремен надоместок определен по основот на правото на запослување (член 290 став 1 од Законот за инвалидското осигурување);

3) децата на уживатели на лична или инвалидска пензија;

4) децата што се уживатели на фамилијарна пензија.

Детето на осигуреник (став 1 под 1) има право на професионална рехабилитација ако осигуреникот од кој тоа го изведува тоа право ги исполнува условите во поглед на работниот стаж и на пензискиот стаж за здобивање со правата од инвалидското осигурување во случај на инвалидност поради болест или повреда вон работата.

Детето на запослен инвалид на трудот од II или III категорија на инвалидност чија инвалидност е предизвикана со несреќа при работата или со професионална болест, а кој ќе се запосли користејќи го своето право на запослување во смисла на Законот за инвалидското осигурување, има право на професионална рехабилитација без оглед на условите во поглед на работниот стаж и пензискиот стаж од претходниот став.

Член 2

Деца-инвалиди, во смисла на оваа уредба, се деца што се неспособни за самостоен живот и работа поради:

1) инвалидност предизвикана со повреда или болест;

2) попреченост во физичкиот или психичкиот развиток, во смисла на Правилникот за категоризацијата и евиденцијата на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/60).

Правата според оваа уредба можат да ги остваруваат децата-инвалиди до наполнетата 45 година од животот (машки) односно 40 година од животот (жени).

Член 3

Право на професионална рехабилитација имаат децата-инвалиди што не можат со школување, со изучување на определено занимање или со практична работа на соодветни работни места под редовни услови да се оспособат за самостоен живот и работа, ако се исполнети следните услови:

1) со оглед на природата на причината за неспособноста (член 2) и на нејзиниот степен, да постои веројатност дека детето со професионалната рехабилитација ќе може наполно да се оспособи за самостоен живот и работа;

2) детето да завршило задолжително осумгодишно школување, ако со оваа уредба за определени случаи не е определено поинаку;

3) со оглед на општата состојба на здравјето, да постои веројатност дека детето ќе може да ја користи со рехабилитација стечената способност да се издржува со сопствена работа;

4) со оглед на душевната развиеност и други лични својства, да постои можност по пат на рехабилитација да се постигне оспособување во срок од најмногу четири години.

Член 4

Децата-инвалиди што не го исполнуваат условот во поглед на претходното школување од членот 3 точка 2 на оваа уредба поради тоа што немале вистинска можност да завршат задолжително осумгодишно школување, што биле престарени за такво школување, или што поради природата на причината на нивната инвалидност и општата физичка или психичка состојба (слепи, глуви и други деца попречени во физичкиот или психичкиот развиток) не можеле да го завршат успешно таквото школување, имаат право на професионална рехабилитација ако наполниле 15 години возраст и ако се исполнети другите услови од чл. 1 и 3 на оваа уредба.

Член 5

Со правото на професионална рехабилитација се здобива детето-инвалид ако во моментот на поднесувањето на барањето постојат сите услови за стекнување на тоа право според одредбите на оваа уредба.

Ако во текот на постапката за остварување на правото на професионална рехабилитација или во текот на нејзиното траење престанат условите за исплатување на додатокот на деца поради промена на фактичните околности од кои зависи правото на тој додаток, овој факт не влијае врз стекнувањето ниту врз користењето на веќе стеченото право на професионална рехабилитација.

Член 6

За децата-инвалиди на кои поради природата на причината на нивната инвалидност или поради здравствената состојба, за задолжително основно школување им е неопходна специјална настава, а оваа се користи во специјални училишта односно установи од интернатски тип, заводот за социјално осигурување учествува во поднесувањето на трошоците за нивното сместување во такви установи ако се исполнети условите од чл. 1 и 3 точ. 1, 3 и 4

на оваа уредба и ако е веројатно дека со такво школување ќе се оспособи детето за поуспешна и пополна професионална рехабилитација.

Во случаите од претходниот став корисникот на додатокот на деца поднесува дел од трошоците за сместувањето во височина на една половина од делот на приходите на домаќинството што отпаѓа на еден член, а остатокот на трошоците го поднесува заводот за социјално осигурување.

При пресметувањето на делот од приходите на домаќинството кој отпаѓа на еден член, во бројот на членовите на домаќинството се сметаат корисникот на додатокот на деца, неговиот брачен другар и децата, вклучувајќи го и штитеникот сместен во установа, што тие ги издржуваат.

Ако е остатокот на трошоците за сместување што во смисла на ставот 2 од овој член ги поднесува заводот за социјално осигурување помал од една петина од вкупните трошоци за сместување, заводот поднесува една петина од трошоците за сместување, а корисникот на додатокот остатокот од тие трошоци.

Во приходите на домаќинството во смисла на ставот 2 од овој член се вбројуваат сите приходи што корисникот на додатокот на деца, неговиот брачен другар и децата што тие ги издржуваат ги имаат по кој и да е основ, освен приходите по основот на додатокот на деца, инвалиднината и додатокот за нега и помош според прописите за воените инвалиди од војните и според прописите за инвалидското осигурување и освен примањата по основот на одликување.

Одредбите на претходните ставови од овој член се применуваат и кога е детето-инвалид сместено од страна на органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на социјалната заштита во друга фамилија во друго место, ако за задолжително основно школување му е потребна специјална настава во училиште што се наоѓа надвор од неговото живеалиште. За примена на ст. 2 и 3 од овој член трошоците за сместување во фамилија можат да се признаат најмногу до износот што се плаќа за сместување во најблизок интернат во соодветен вид специјално училиште.

Член 7

Децата-инвалиди имаат право на надоместок на патните и превозните трошоци во врска со остварувањето и користењето на правото на професионална рехабилитација според оваа уредба, согласно со чл. 131 до 133 од Законот за инвалидското осигурување.

Согласно со членот 25 од Уредбата за додатокот на деца („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/55, 1/56, 26/56, 39/58, 2/59 и 48/59), додаток на деца не се исплатува за децата-инвалиди што за време на вршење на професионална рехабилитација се наоѓаат во установа во која имаат обезбедено сместување и исхрана, а за кои корисникот на додатокот не учествува во трошоците.

За децата-инвалиди од претходниот став за кои престанала исплатата на додатокот на деца (член 5 став 2), носителот на правото на додаток на деца е должен, за обезбеденото сместување и исхрана, да му го надомести на заводот за социјално осигурување износот во височина на додатокот на деца што би припаѓал за тоа дете ако би постоеле уште условите за исплата на додатокот.

Член 8

Ако детето-инвалид што се здобило со право на професионална рехабилитација според оваа уредба, претрпи повреда во смисла на членот 44 став 1 од Законот за инвалидското осигурување при вршење практични работи или вежби за време на професионална рехабилитација, оваа повреда се смета како несреќа при работата во смисла на членот 44 став 2 од тој закон, за која детето-инвалид се здобива со оние права од инвалидското осигурување што им припаѓаат на инвалидите на трудот — осигуреници од членот 20 став 1 точка 1 на Законот за инвалидското осигурување.

Член 9

Со професионална рехабилитација се врши оспособување на децата-инвалиди (чл. 1 до 4) за вршење на работите на определено работно место или на работите на определено занимање, за кои се бара степенот на стручното образование на приучен работник или нему соодветни стручни кадри, или степенот на стручното образование на квалификуван работник.

Работите за кои детето-инвалид ќе се оспособи со професионалната рехабилитација во смисла на претходниот став, се определуваат со оглед на основното образование, физичките и психичките можности и наклоностите на детето, потребното траење на оспособувањето за определени работи и потребата од работници во одделни видови занимања односно работи, за што задолжително се прибавува мислење од стручната служба за избор на занимања, како и мислење од стручната комисија за категоризација на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток.

Децата-инвалиди од членот 4 на оваа уредба се оспособуваат по пат на професионална рехабилитација за работите за кои се бара степенот на стручното образование на приучен работник.

Член 10

Професионалната рехабилитација на децата-инвалиди се врши со изучување на определено занимање или со оспособување за вршење на работите на определено работно место во заштитни работилници или во посебни установи за рехабилитација, или со практична работа на соодветни работни места во стопански или други организации и установи, како и на соодветни курсеви и во специјални стручни училишта за деца попречени во физичкиот и психичкиот развиток.

Траењето на професионалната рехабилитација се определува со оглед на начинот на вршењето на рехабилитацијата во смисла на претходниот став, со оглед на видот и степенот на стручната спрема што треба да се постигне со рехабилитацијата (член 9), како и со оглед на физичките и психичките способности на лицето што се наоѓа на рехабилитација, за што задолжително се прибавува мислење од стручната служба за избор на занимања, како и мислење од стручната комисија за категоризација на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток.

Определениот срок за траење на рехабилитацијата се продолжува во случај да се прекине вршењето на рехабилитација поради болест на лице што се наоѓа на рехабилитација, ако тоа поради тоа не би можело да ја заврши успешно рехабилитацијата во определениот срок. Срокот се продолжува најмногу за онолку време колку траел прекинот поради болест.

Ако е определено професионалната рехабилитација да трае пократко од 3 години, па со проверување во текот на рехабилитацијата се утврди дека рехабилитацијата не ќе може да се заврши успешно во определениот срок, или ако по истекот на определениот срок се утврди дека рехабилитацијата не е успешно завршена, траењето на рехабилитацијата може да се продолжи до вкупно најмногу четири години. Рехабилитацијата ќе се продолжи ако врз основа на повторно оценување се утврди дека постои можност за успешно оспособување во продолжениот срок, било со продолжување на вршењето на рехабилитацијата на ист начин и за исти работи, било со насочување на продолжувањето на рехабилитацијата на друг начин односно за други работи.

Член 11

Во поглед на условите и начинот за здобивање со соодветен степен на стручно образование на децата-инвалиди по успешно завршената професионална рехабилитација, се применуваат одредбите на Правилникот за стручното оспособување на инвалидите по пат на професионална рехабилитација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/60).

Член 12

Трошоците на професионалната рехабилитација на децата-инвалиди (член 1) ги поднесува заводот за социјално осигурување што го упатил детето-инвалид на професионална рехабилитација.

Заради остварување на правото на професионална рехабилитација според оваа уредба, во рамките на фактичните можности за спроведување на професионалната рехабилитација на децата-инвалиди на соодветен начин, првенството во користење на правото го имаат децата-инвалиди до наполнетата 26 година возраст.

Децата-инвалиди постари од 26 години (член 2 став 2) се упатуваат заради користење рехабилитација, по правило, на расположиви места на подрачјето на заводот за социјално осигурување што го донесол решението за правото на професионална рехабилитација.

Член 13

Правото на професионална рехабилитација определено според оваа уредба, престанува:

1) ако детето-инвалид не започне да ја користи рехабилитацијата во срок од една година од денот определен за стапување на рехабилитација, освен кога било спречено од причините што се вон неговата волја;

2) ако детето-инвалид своеволно го прекине спроведувањето на рехабилитацијата или ако со неизвршување на должностите во врска со спроведувањето на рехабилитацијата го оневозможува своето оспособување за работа;

3) ако дополнително настапат такви промени во физичката или психичката состојба на детето-инвалид што го оневозможуваат понатамошното спроведување на професионалната рехабилитација.

Детето-инвалид на кое правото на професионална рехабилитација му престанало под околностите од претходниот став точ. 1 и 2, може повторно да се здобие со правото на професионална рехабилитација според оваа уредба врз основа на ново барање. Детето-инвалид на кое правото на професионална рехабилитација му престанало под околностите од претходниот став точка 3, може со тоа право да се здобие повторно врз основа на ново барање ако се утврди дека настапиле нови промени во неговата физичка или психичка состојба што овозможуваат спроведување на професионална рехабилитација според оваа уредба.

Член 14

Постапката за остварување на правото на професионална рехабилитација според оваа уредба, ја поведува надлежниот завод за социјално осигурување на барање од родителот или старателот на детето, од самото дете-инвалид ако е деловно способно или од органот на управата на општинскиот народен одбор надлежен за работите на старателството

Органот на управата надлежен за работите на старателството (став 1) поднесува барање за поведување постапка ако родителот односно старателот, и покрај предупредувањето дека е можна рехабилитација, му оневозможува на детето да го оствари правото на професионална рехабилитација.

Член 15

За правото на професионална рехабилитација според оваа уредба решава заводот за социјално осигурување што во времето на поднесување на барањето за остварување на тоа право го исплатува додатокот на деца за детето-инвалид чие право е во прашање.

За утврдување на инвалидноста, на нејзината причина, вид и степен, за постоењето на можноста за оспособување (член 3 точ. 1, 3 и 4) и за начинот на оспособувањето по пат на професионална рехабилитација за определено занимање односно работа, како и за траењето на рехабилитацијата, решава надлежниот завод за социјално осигурување по прибавениот наод, оценка и мислење од инвалидската комисија од чл. 186 и 187 од Законот за инвалидското осигурување.

Инвалидската комисија (став 2) е должна пред давањето на наодот, оценката и мислењето во секој одделен случај да ја консултира стручната служба за избор на занимање, а кога се во прашање деца попречени во физичкиот или психичкиот развиток — да прибави и мислење од соодветната стручна комисија за категоризација на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток, како и од управата на училиштето во кое одело таквото дете.

Заводот за социјално осигурување од ставот 1 на овој член решава за продолжувањето на срокот определен за професионална рехабилитација (член 10 ст. 3 и 4), по прибавено мислење од инвалидската комисија (член 15 став 2) и од организацијата односно установата во која се врши рехабилитација, како и за другите права што ги имаат децата-инвалиди според оваа уредба.

Член 16

Надлежниот завод за социјално осигурување (член 15 став 1) решава, на барање од родителот или старателот на детето, за височината на трошоците што тој ги поднесува според членот 6 од оваа уредба, по прибавениот наод, оценка и мислење од инвалидската комисија (член 15 ст. 2 и 3).

Член 17

За спроведување на професионалната рехабилитација на децата-инвалиди, како и за постапка за остварување на правото на професионална рехабилитација, се применуваат, ако со оваа уредба не е посебно определено, соодветните одредби од Законот за инвалидското осигурување и од прописите донесени врз основа на тој закон.

Член 18

Во поглед на стекнувањето и користењето на правото на фамилијарна пензија и правото на додаток на деца, децата-инвалиди се сметаат како наполно и трајно неспособни за работа за време траењето на професионалната рехабилитација, сѐ до нејзиниот успешен завршеток.

Член 19

Со оспособувањето на детето-инвалид за самостоен живот и работа, по успешно завршената професионална рехабилитација, престанува основот за понатамошно користење на правото на додаток на деца и на правото на фамилијарна пензија, а детето-инвалид, додека не стапи во работен однос на работа за која е оспособено, има право на паричен надоместок што според прописите за правата на работниците за време на привремената незапосленост им припаѓа на свршените ученици во стопанството, под истите услови и во истата височина.

Член 20

За децата-инвалиди на воени осигуреници (активни подофицери, офицери и воени службеници) трошоците што според оваа уредба ги поднесува заводот за социјално осигурување паѓаат на товар на претсметката на Државниот секретаријат за работите на народната одбрана.

Надлежностите и постапката за остварување на правата од оваа уредба за децата-инвалиди на воени осигуреници ги пропишува Државниот секретаријат за работите на народната одбрана.

Член 21

Прописи за примена на оваа уредба ќе донесува, по потреба, Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за трудот.

Член 22

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 241
9 декември 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

652.

Врз основа на членот 49 од Уредбата за книговодството на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/55), во врска со чл. 2, 10, 21 и 80 од Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 43/59), Сојузниот извршен совет донесува

# УРЕДБА
## ЗА ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 1960 ГОДИНА

Член 1

Уредбата за завршните сметки на стопанските организации за 1959 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/60) ќе се применува и на завршните сметки на стопанските организации за 1960 година, со тоа да се извршат во неа измените и дополненијата определени со оваа уредба.

Член 2

Во Уредбата за завршните сметки на стопанските организации за 1959 година во членот 1 став 1 по зборовите: „нивните погони," се додаваат зборовите: „погоните и деловните единици со самостојна пресметка на стопанските организации,".

Во истиот став зборовите: „установите со самостојно финансирање" се заменуваат со зборовите: „самостојните установи".

Член 3

Во членот 5 по зборовите: „ако со оваа уредба" се додаваат зборовите: „или со пропис донесен врз основа на оваа уредба".

Член 4

Во членот 6 ст. 2 и 3 се заменуваат со нов став, кој гласи:

„Погонските и деловните единици на стопанските организации, ако самостојно го утврдуваат вкупниот приход и доходот и го распоредуваат доходот, ѝ ја поднесуваат завршната сметка на Службата на општественото книговодство во филијалата на Народната банка на чие подрачје е нивното седиште."

Член 5

Членот 7 се брише.

Член 6

Во членот 9 став 1 по бројот „6" се бришат запирката и бројот „7", а зборовите: „до 29 февруари 1960 година" се заменуваат со зборовите: „до 28 февруари 1961 година".

Ст. 2 и 3 се заменуваат со нов став, кој гласи:

„Сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите може да определи стопанските организации што вршат пресметување на услуги со странство (надворешнотрговските стопански организации), претпријатијата во состав на Заедницата на Југословенските пошти, телеграфи и телефони, на Заедницата на Југословенските железници и на електростопанските заедници, стопанските организации што имаат поголем број погонски и деловни единици и другите стопански организации од определени дејности, можат да ја поднесат завршната сметка за 1960 година во продолжен срок кој не може да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на срокот определен со оваа уредба."

Член 7

Во членот 10 став 1 се бришат зборовите: „друга банка или штедилница".

Член 8

Членот 11 се менува и гласи:

„Надлежната Служба на општественото книговодство односно Државниот секретаријат за работите на народната одбрана (чл. 6 и 8) се должни во срок од три дена од денот на приемот на завршната сметка да ѝ достават на банката кај која се води жиро-сметката на стопанската организација потврда за приемот на завршната сметка, податоци за распределбата на доходот и податоци потребни за контрола на наплатата на приходите на буџетите и фондовите."

Член 9

Во членот 16 став 1 по зборовите: „Службата на општественото книговодство" се бришат зборовите: „во филијалата на Народната банка", а зборовите: „чл. 7 и 8" се заменуваат со зборовите: „членот 8".

Ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Службата на општественото книговодство на Главната централа на Народната банка може да врши преглед на завршните сметки на стопанските организации на целата територија на Југославија, а Службата на општественото книговодство во централите на Народната банка — на сите стопански организации на подрачјето на нејзините филијали.

Прегледот на завршните сметки на стопанските организации од членот 8 на оваа уредба ќе го извршат посебни органи во состав на Државниот секретаријат за работите на народната одбрана."

Член 10

Во членот 17 ставот 2 се менува и гласи:

„Службата на општественото книговодство на која ѝ е поднесена завршна сметка на погонска или деловна единица со самостојна пресметка (член 6 став 2) ќе изврши преглед на таа завршна сметка и записникот за прегледот со завршната сметка ќе ѝ го достави на Службата на општественото книговодство надлежна за донесување на решение според членот 24 од оваа уредба, ако Службата на општественото книговодство надлежна за пошироко подрачје не постапила според ставот 2 од претходниот член."

Член 11

Членот 24 се менува и гласи:

„Службата на општественото книговодство односно Државниот секретаријат за работите на народната одбрана, кои врз основа на членот 16 од оваа уредба извршиле преглед на завршна сметка, донесуваат решенија за завршните сметки на стопанските организации за 1960 година.

По исклучок, решенија за завршните сметки на погонските и деловните единици со самостојна пресметка донесува Службата на општественото книговодство на чие подрачје е седиштето на стопанската организација во чиј состав се тие единици."

Член 12

Во членот 26 ставот 2 се заменува со три нови става, кои гласат:

„Службата на општественото книговодство и Државниот секретаријат за работите на народната одбрана се должни решението за завршната сметка на стопанската организација да ѝ го достават и на банката кај која се води жиро-сметката на таа стопанска организација.

Ако решението за завршната сметка на стопанската организација го донесла Службата на општественото книговодство надлежна за поширокото подрачје (член 24 став 1 во врска со членот 16 став 2), таа служба е должна два примерка од решението да ѝ достави на Службата на општественото книговодство во филијалата на Народната банка надлежна според седиштето на стопанската организација, а оваа е должна еден примерок од решението да ѝ достави на банката кај која се води жиро-сметката на стопанската организација.

Решенијата од претходните ставови мораат да се доставаат во срок од три дена од денот на нивното донесување односно од денот на нивниот прием."

Во досегашниот став 3, кој станува став 5, зборовите: „чл. 7 и 8" се заменуваат со зборовите: „членот 8", а зборовите: „и на банката од членот 17 на оваа уредба што го извршила прегледот на завршната сметка" се заменуваат со зборовите: „и на Службата на општественото книговодство што го извршила прегледот на завршната сметка на погонската или деловната единица според членот 17 став 2 од оваа уредба".

Член 13

Во членот 27 зборовите: „до крајот на месецот во кој" се заменуваат со зборовите: „во срок од еден месец од денот кога".

Член 14

Во членот 28 ставот 2 се брише.

Член 15

Во членот 30 ст. 1 до 3 се заменуваат со нов став 1, кој гласи:

„Службата на општественото книговодство е должна да им ги достави збирните податоци од завршните сметки на стопанските организации за 1960 година на финансиските органи на надлежните политичкотериторијални единици."

Во досегашниот став 4, кој станува став 2, зборовите „според претходните ставови" се заменуваат со зборовите: „според претходниот став".

Досегашниот став 5 се брише.

Член 16

Во сите други одредби бројот „1959" се заменува со бројот „1960", а бројот „1960" се заменува со бројот „1961".

Зборовите: „утврдување(то) и расподелба(та) на вкупниот приход" се заменуваат со зборовите: „утврдување(то) на вкупниот приход и доходот и расподелба(та) на доходот" со соодветно членување.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за завршните сметки на стопанските организации за 1959 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/60).

Член 18

Се овластува Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за законодавство и организација да издаде, на предлог од сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите, пречистен текст на Уредбата за завршните сметки на стопанските организации за 1960 година.

Член 19

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 234
9 декември 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## 653.

Врз основа на членот 11 став 2 од Законот за електростопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/58 и 1/59), Сојузниот извршен совет донесува

# УРЕДБА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ЦЕНИТЕ И ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Уредбата за цените и за условите за продажба на електрична енергија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/57, 39/58, 51/58, 33/59 и 24/60) во Тарифата за електрична енергија, во точката IV по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбите на претходниот став дека инсталираната сила на специјални трошила треба да изнесува најмалку 1.000 kW не се однесува на потрошувачката на електрична енергија за разладни цели (со разладни уреди) во ладилниците. Потрошувачката на електрична енергија за спомenатите цели треба да се мери одвоено од потрошувачката на електрична енергија за други цели (за осветление, греење и др.)."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 233
9 декември 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## 654.

Врз основа на членот 4 од Законот за управните училишта („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/56), Сојузниот извршен совет донесува

# УРЕДБА

## ЗА ВИШАТА ШКОЛА ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Со цел за стручно образование на кадрите со виша стручна спрема за потребите на службата за цивилна заштита, се основува Виша школа за цивилна заштита (во натамошниот текст: Школа).

Седиштето на Школата е во Белград.

Член 2

Школата има задача стручно да ги оспособува кадрите за вршење на работите на цивилната заштита во органите на внатрешните работи и во други органи на државната управа, установи и организации, за кои е потребна виша стручна спрема, како и да работи на посебно стручно усовршување на службениците што вршат работи на цивилната заштита.

Со цел за посебно стручно усовршување на службениците што вршат работи на цивилната заштита, Школата организира курсеви, семинари и други форми на наставата од областа на цивилната заштита.

Член 3

Наставата во Школата трае две години.

Наставата се изводи според наставниот план и програма.

Наставниот план и програма го донесува Советот на Школата, а го потврдува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи, во согласност со Државниот секретаријат за работите на народната одбрана.

Член 4

Со Школата управуваат советот на Школата, наставничкиот совет и директорот.

Член 5

Советот на Школата ги врши овие работи:

1) го донесува статутот на Школата;

2) донесува наставен план и програма на Школата;

3) донесува финансиски план и ја утврдува завршната сметка на Школата;

4) се грижи за целокупната работа и животот на Школата, ги претресува резултатите на работата и состојбата во Школата и презема мерки за унапредување на наставата;

5) се грижи за спроведувањето и организацијата на посебни форми на стручно усовршување на службениците што вршат работи на цивилната заштита;

6) се грижи за материјалните и други услови за работа на Школата;

7) го утврдува бројот на слушателите што можат да бидат примени во Школата;

8) распишува конкурс за наставници и врши избор на наставници на Школата;

9) се грижи за животните и работните услови на слушателите;

10) решава за основување, соединување и укинување на наставни организациони единици на Школата;

11) му поднесува на сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи годишен извештај за работата на Школата;

12) врши и други работи што со уредбата, со други прописи и со статутот на Школата се ставени во неговиот делокруг.

Член 6

Советот на Школата го сочинуваат:

1) членови што ги именува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи;

2) членови што од својата средина ги избира наставничкиот совет;

3) член што го избираат слушателите на Школата.

Директорот на Школата е по својот положај член на советот.

Вкупниот број на членовите на советот, бројот на членовите што ги именува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи и бројот на членовите што од својата средина ги избира наставничкиот совет се утврдуваат со статутот на Школата.

Член 7

Наставничкиот совет го сочинуваат директорот, сите постојани и хонорарни наставници и еден претставник на помошниот наставен персонал.

Со статутот на Школата може да се определи на седниците на наставничкиот совет да има право да присуствува претставникот на слушателите кога се разгледуваат прашања од изведувањето на наставата и од спроведувањето на правилата за студии и по овие прашања да изнесува мислење и да дава предлози.

Член 8

Наставничкиот совет ги врши овие работи:

1) се грижи за успешното остварување на задачите на Школата, за организацијата и изведувањето на наставата и им помага на наставниците во стручното и педагошкото усовршување;

2) се грижи за развивањето на формите и методите на наставната работа за редовните и вонредните слушатели;

3) го предлага статутот на Школата;

4) го предлага наставниот план и програма на Школата;

5) расправа за полгодишниот и годишниот успех на слушателите и предлага мерки за отстранување на недостатоците и за подобрување на успехот во наредниот семестар односно учебна година;

6) го претресува предлогот на финансискиот план и завршната сметка на Школата;

7) го разгледува и го утврдува извештајот за работата на Школата што му се поднесува на советот на Школата;

8) решава за жалбите на слушателите против оценувањето од страна на предметните наставници;

9) врши и други работи што со уредбата, со други прописи и со статутот на Школата се ставени во неговиот делокруг.

Член 9

Директорот на Школата непосредно управува со Школата и ја организира работата на Школата, ја претставува Школата, се грижи за правилната примена на законот и на другите прописи, се грижи за извршувањето на заклучоците на советот на Школата и на наставничкиот совет, ги подготвува седниците на наставничкиот совет и раководи со седниците на овој совет, раководи со администрацијата на Школата и е наредбодавец за извршување на финансискиот план.

Член 10

Директорот на Школата има право и должност да го запре извршувањето на заклучок на советот на Школата односно на заклучок на наставничкиот совет донесен вон управната постапка, за кој смета дека им е противен на важечките прописи или на статутот на Школата. За запирањето на заклучокот на советот односно на наставничкиот совет директорот е должен веднаш да го извести сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи, кој е должен во срок од 30 дена од денот на приемот на известувањето да донесе решение за спорното прашање. Ако сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи во тој срок не донесе решение за спорното прашање, запрениот акт се извршува.

Член 11

Директорот на Школата го назначува и го разрешува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Член 12

За наставници на Школата се назначуваат лица што според важечките прописи ги исполнуваат условите што се бараат за наставници на виши школи.

За наставници можат да бидат назначени и лица на кои според важечките прописи им е призната висока стручна спрема и кои имаат во пракса стечено искуство и способност за наставничка работа.

По исклучок, наставата по одделни предмети од областа на цивилната заштита можат да ја изведуваат стручњаци со средна стручна спрема способни за самостојна стручна и наставничка работа.

Наставници можат да бидат постојани и хонорарни.

Изборот на наставници на Школата го врши советот на Школата, а го потврдува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Член 13

Помошниот наставен персонал на Школата се назначува од редот на стручњаци со факултетска спрема потребна за предметот чија настава тој ја изведува.

По исклучок од одредбата на претходниот став, за одделни предмети може да биде назначен помошен персонал од редот на истакнати стручњаци за работи на цивилната заштита што имаат виша или средна стручна спрема.

Поблиските услови за помошниот наставен персонал од ст. 1 и 2 на овој член ќе се пропишат со статутот на Школата.

Помошниот наставен персонал на Школата го назначува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи по прибавено мислење од наставничкиот совет.

Член 14

Лицата од редовите на управни и други службеници на органи на внатрешните работи избрани за постојани наставници или назначени за помошен наставен персонал односно определени да вршат настава во Школата, можат да ги задржат звањата што ги имале пред изборот односно назначувањето.

Член 15

Во Школата можат да се запишат лица што завршиле гимназија, техничко училиште или на нив соодветно воено односно стручно училиште за стопанство и јавни служби.

Во Школата можат да се запишат и лица што не ги исполнуваат условите од претходниот став, ако вршат работи на цивилната заштита и се здобиле во таа работа со пракса и искуство, а на приемниот испит ќе покажат дека владеат со основното знаење и дека можат успешно да ја следат наставата во Школата.

Сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи ќе ги определи условите во поглед на праксата и искуството што треба да ги исполнат лицата од претходниот став и ќе ги пропише програмите на приемните испити и начинот на нивното спроведување.

Член 16

Слушателите на Школата што како службеници на органи на внатрешните работи или на друг орган на државната управа се упатени во Школата, за време додека се наоѓаат на школување имаат право на сите принадлежности и сите други права од службеничкиот однос како да се наоѓаат на редовна должност.

Слушателите на Школата што како службеници на установи и организации се упатени во Школата, за време додека се наоѓаат на школување ги имаат истите права што ги уживаат службениците што од тие установи и организации се упатени во други слични школи.

Слушателите од претходните ставови имаат право на надоместок на патните трошоци за одење во Школата и за враќање дома секоја учебна година и при семестарскиот распуст, како и во одење и враќање при упатувањето на пракса или на стручни курсеви по завршувањето на редовната годишна настава.

Принадлежностите и патните трошоци од претходните ставови на овој член ги исплатува органот односно установата или организацијата што го упатила службеникот во Школата.

Член 17

Слушателите се должни по завршената школа да останат во служба на државниот орган, установата односно организацијата најмалку двапати онолку време колку поминале на школување во Школата.

Државниот орган, установата или организацијата што упатува службеник на школување ќе склучи со него договор, со кој службеникот ќе се обврзе по завршената Школа да помине на служба во државниот орган, установата односно организацијата двапати онолку време колку поминал во Школата, ако оваа обврска не ја исполни.

Старешината надлежен за назначување на службеници во државниот орган или установата односно органот на управувањето на организацијата може во оправдани случаи да го ослободи слушателот од обврската од ставот 1 на овој член.

Член 18

Школата може да́ има и вонредни слушатели.

Службениците што во Школата се запишале како вонредни слушатели по одобрение од државниот орган, установата или организацијата во која се запослени, имаат право на платено отсуство и на надоместок на патните трошоци заради посетување на задолжителни курсеви и полагање на испити.

Принадлежностите за време на отсуството и патните трошоци ги исплатува органот односно установата или организацијата во која е запослен службеникот.

Член 19

Запишувањето во Школата се врши врз основа на конкурс.

Конкурсот го распишува, условите во конкурсот ги определува и изборот на слушатели го врши сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Член 20

На лицата што ќе ја завршат Школата им се признава виша стручна спрема за стекнување на звања и за напредување во службата.

Член 21

Средствата за работа на Школата се обезбедуваат од сојузниот буџет.

Член 22

За вршење на административните, техничките и други слични работи Школата има секретаријат со потребен број стручни и административни службеници.

Секретарот и стручните и административните службеници на Школата ги назначува, на предлог од советот на Школата, сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Член 23

Школата има интернат за своите слушатели.

Поблиските одредби за организацијата и работата на интернатот ќе се пропишат со статутот на Школата.

Член 24

Школата има свој статут, кој го донесува советот на Школата, а го потврдува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи, во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за просвета и култура.

Со статутот на Школата поблиску ќе се пропишат организацијата и работата на Школата (органите на управувањето, правилата за студии, полагањето на испити, правата и должностите на редовните и вонредните слушатели, дисциплината во Школата, администрацијата на Школата и др.).

Член 25

Надзор над законитоста на работата на Школата и надзор над извршувањето на финансискиот план на Школата врши сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Член 26

До донесувањето на статутот на Школата сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи го определува вкупниот број на членовите на советот, како и бројот на членовите што од својата средина ги избира наставничкиот совет.

До формирањето на советот во смисла на оваа уредба, членовите на советот што ги именува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи и членовите на советот што ќе ги избере од својата средина наставничкиот совет ги вршат работите на советот.

Член 27

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба слушателите на Курсот за стручно оспособување на кадрите за службата за цивилна заштита за која се бара виша стручна спрема, основан со Решението на сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи, бр. 21500/1 од 3 ноември 1959 година, стануваат слушатели на Школата.

Член 28

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 236
9 декември 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

**655.**

Врз основа на членот 79 став 1 точка 7 од Уставниот закон, Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ОСНОВУВАЊЕТО И РАБОТАТА НА МУЗЕЈОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Со цел за запознавање на јавноста со развојниот пат, стремежите и борбата на работничката класа во Југославија, за негување на спомонот за големите настани и за светлите ликови на нашето борбено минато, а особено со цел за воспитување на новите поколенија во духот на револуционерното наследство на нашите народи, се основува Музеј на револуцијата на народите на Југославија (во натамошниот текст: Музеј), како самостојна установа.

Седиштето на Музејот е во Белград.

Член 2

Музејот има задача да собира, средува, научно обработува и излага предмети и документи од историјата на работничкото движење во Југославија, а особено од Народноослободителната војна и од револуцијата и така систематски да ја запознава јавноста со борбата на народите на Југославија за социјалистичка преобразба.

Член 3

Музејот има својство на правно лице.

Член 4

Со Музејот управуваат совет и директор.

Член 5

Советот на Музејот ги врши овие работи:

1) донесува план и програма за работа на Музејот;

2) донесува правила за организацијата и работата на Музејот;

3) донесува финансиски план и завршна сметка на Музејот;

4) донесува правилник за платите на службениците и работниците;

5) ги назначува раководителите на организационите единици на Музејот за кои е тоа предвидено со правилата на Музејот;

6) решава за жалбите на службениците и работниците против решенијата од работен однос што ги донесува директорот на Музејот;

7) врши и други работи што со правилата на Музејот му се ставени во делокруг.

Член 6

Советот на Музејот се состои од претседател и потребен број членови што ги именува Сојузниот извршен совет и од два члена што од својата средина ги избира работниот колектив на Музејот.

Сојузниот извршен совет именува во советот и по еден член на предлог од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, од Институтот за историјата на работничкото движење на народите на Југославија и од републичките извршни совети.

Директорот на Музејот е по својот положај член на советот

Член 7

Мандатот на претседателот и на членовите на советот трае две години.

Член 8

Советот на Музејот полноважно решава само во седници на кои е присутно мнозинството на неговите членови.

Претседателот на советот ги подготвува материјалите за седниците, ги свикува седниците и раководи со нив.

Заклучоците на советот се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови.

Член 9

Директорот непосредно раководи со работите на Музејот, ја организира неговата работа и ги извршува заклучоците на советот на Музејот.

Директорот донесува решенија за работните односи на службениците и работниците на Музејот, ги распоредува службениците и работниците на одделни работни места и е дисциплински старешина за службениците и работниците.

Директорот е наредбодавец за извршување на финансискиот план на Музејот.

Директорот врши и други работи што со правилата на Музејот му се ставени во делокруг.

Директорот на Музејот го назначува Сојузниот извршен совет.

Член 10

Музејот има свои правила.

Со правилата се утврдуваат особено: задачите на Музејот; правата и должностите на советот и директорот, како и нивните меѓусебни односи; правата и должностите на основувачот; фондовите и начинот на нивното користење, како и внатрешната организација и работата на Музејот.

Правилата на Музејот ги потврдува Сојузниот извршен совет или органот што тој ќе го определи.

Член 11

Средствата за работа на Музејот се обезбедуваат со дотација од средствата на федерацијата.

Член 12

Надзор над законитоста на работата на Музејот врши Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за просвета и култура.

Член 13

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 235
9 декември 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

**656.**

Врз основа на членот 79 точка 6 од Уставниот закон, во врска со членот 122 од Општиот закон за уредување на општините и околиите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/55, 29/57, 24/59 и 47/59), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА УРЕДБАТА ЗА УПРАВИТЕ ЗА ПРИХОДИ

Член 1

Уредбата за управите за приходи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 43/56) престанува да важи.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 240
9 декември 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

**657.**

Врз основа на членот 92 став 1 од Законот за органите на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/56), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ЗВАЊАТА И ПЛАТИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ

Член 1

Во Уредбата за звањата и платите на службениците на органите на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/58 и 6/59) во членот 13 ставот 1 се менува и гласи:

„На службениците им припаѓа посебен додаток на службата во износ до 12.000 динари месечно."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила на 1 јануари 1961 година.

**Сојузен извршен совет**

Р. п. бр. 237
9 декември 1960 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

658.

Врз основа на чл. 11 и 52 од Законот за санитарната инспекција („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/56), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА СТРУЧНАТА СПРЕМА НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА САНИТАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА

1. Во Одлуката за стручната спрема на службениците на санитарната инспекција („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/58 и 25/58) во точката 2 под 3 по зборовите: „како лекар од општа пракса" се става точка и другиот текст се брише.

2. Во точката 4 став 1 текстот под 2 се менува и гласи:

„2) лекар и положен стручен испит."

Досегашниот став 2 се брише.

3. Во точката 5 ставот 2 се брише.

4. Во точката 6 по текстот под 1 се додава нов текст под 2, кој гласи:

„2) завршена виша медицинска школа — отсек за санитарни техничари;".

Досегашниот текст под 2 станува текст под 3.

5. Во точката 7 ставот 2 се брише.

6. Во точката 8 текстот под 1 се менува и гласи:

„1) лице што завршило виша медицинска школа — отсек за санитарни техничари и положило стручен испит;".

7. Точката 9 се менува и гласи:

„8а. Лицата со стручна спрема за звање помлад здравствен техничар, хигиеничар (дезинфектор) или болничар, што на денот на влегувањето во сила на Законот за санитарната инспекција се затекнале на должноста на општински односно околиски санитарен инспектор или помошен санитарен инспектор, можат да останат на таа должност најмногу шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука."

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 242
9 декември 1960 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

659.

Врз основа на точката 6 став 4 од Одлуката за отстапување на придонесот од доходот и земјарината на стопанските организации од определени дејности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57, 48/58, 27/59, 43/59 и 52/59), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД ДОХОДОТ ОТСТАПЕН НА ОПРЕДЕЛЕНИ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА НИВНИТЕ ФОНДОВИ

1. Во Одлуката за користење на придонесот од доходот отстапен на определени стопански организации за нивните фондови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/58, 29/59 и 52/59) во точката 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Заедницата на Југословенските железници може средствата од претходната точка да ги користи веднаш по уплатата.

Заедницата на Југословенските пошти, телеграфи и телефони и претпријатијата на јавниот друмски сообраќај можат средствата од претходната точка да ги користат во онаа година во која се остварени, и тоа по истекот на тримесечјето во кое се уплатени."

Досегашниот став 2 станува став 3.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 ноември 1960 година.

Р. п. бр. 243
9 декември 1960 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар, **Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател, **Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

660.

Врз основа на членот 175 став 3 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59 и 27/60) и членот 2 став 1 точка 4 од Уредбата за определување на сојузните матични органи за прашањата на стручното оспособување на кадрите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/59 и 8/60), во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа, сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА СТРУЧНАТА СПРЕМА НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Одредбите од овој правилник се однесуваат на управните, извршните и стручно-техничките службеници на органите на внатрешните работи, на службениците на Народната милиција и на службениците на стражата на казнено-поправните установи.

Член 2

Стручната спрема за назначување на одделни работни места во органите на внатрешните работи се определува со систематизацијата на работните места.

Член 3

Во органите на внатрешните работи на работните места утврдени со систематизацијата на работните места можат да се назначуваат лица со нижа, средна, виша и висока стручна спрема.

Како стручна спрема, во смисла на претходниот став, се подразбира, и тоа:

1) како нижа стручна спрема — завршено осумгодишно или на него рамно училиште или спрема на квалификуван работник, пропишан стаж и положен стручен испит, а по исклучок — најмалку завршени четири одделенија основно училиште, завршен определен курс во органи на внатрешните работи, пропишан стаж и положен стручен испит;

2) како средна стручна спрема — завршено средно училиште за општо образование или средно стручно училиште или на нив рамно училиште, пропишан стаж и положен стручен испит;

3) како виша стручна спрема — завршена виша или на неа рамна школа, пропишан стаж и положен стручен испит;

4) како висока стручна спрема, — завршен факултет или на него рамна висока школа, пропишан стаж и положен стручен испит.

### II. ПРИПРАВНИЦИ

Член 4

За приправник во органите на внатрешните работи се назначува лице што нема потребна пракса и положен стручен испит.

Член 5

Во органите на внатрешните работи приправничкиот стаж постои за звањата и чиновите: пристав, референт од втора група, референт од прва група, милиционер, потпоручник на Народна милиција, капетан на Народна милиција, стражар, надзорник на стража и заповедник на стража на казнено-поправни установи, извршен пристав и технички пристав.

Приправничкиот стаж трае две години.

Член 6

Во органите на внатрешните работи можат за приправници за управни звања да се поставуваат, и тоа:

1) за приправник за звање пристав — лица што завршиле средно или на него рамно училиште, училиште за внатрешна управа или стручно училиште за внатрешни работи при републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи;

2) за приправник за звање референт од втора група — лица што завршиле управно училиште, виша управна школа за внатрешни работи или друга школа што дава виша школска спрема;

3) за приправник за звање референт од прва група — лица што завршиле факултет или на него рамна висока школа.

Во стручните и стручно-техничките служби (криминалистичко-техничка, криминолошка, за цивилна заштита, медицинска, радио-техничка, статистичка и други), за приправник за звање референт од втора или референт од прва група можат да се поставуваат лица што завршиле соодветна виша школа односно факултет или на него рамна висока школа.

Член 7

За приправници за звања и чинови во Народната милиција односно за звања во стражата на казнено-поправните установи можат да се поставуваат, и тоа:

1) за звање милиционер или стражар — лице со завршено осумгодишно или на него рамно училиште или со спрема на квалификуван работник. По исклучок, за приправник за звање милиционер или стражар може да биде поставено и лице со спрема пониска отколку што е спремата предвидена во оваа точка, но со најмалку завршени четири одделенија основно училиште;

2) за чин потпоручник или за звање надзорник на стража — лице со завршено полно средно или на него рамно училиште и со завршено училиште за резервни офицери односно со чин на резервен офицер;

3) за чин капетан или за звање заповедник на стража — лице со завршен правен или друг факултет на универзитет или на висока школа и со завршено училиште за резервни офицери односно со чин на резервен офицер.

Член 8

За приправници за звање на извршни службеници можат да се поставуваат, и тоа:

1) за звање извршен пристав — лице со завршено осумгодишно или на него рамно училиште;

2) за звање технички пристав — лице со завршено осумгодишно или на него рамно училиште или со спрема на квалификуван работник, а во стручно-техничките служби — лице со завршено средно стручно училиште или со спрема на висококвалификуван работник.

## III. СТРУЧНА ОБУКА НА ПРИПРАВНИЦИТЕ

Член 9

За време на приправничкиот стаж приправникот се наоѓа на стручна (практична) обука.

Целта на стручната обука е приправникот во текот на стажот со практична работа и со учење под надзор и според определен план да ги запознае работите на одделни работни места за кои се предвидени службеници со соодветно звање.

Член 10

Приправниците за звања на управни службеници го поминуваат приправничкиот стаж во службите на органите на внатрешните работи, а од тоа најмалку една година на работа во секретаријат за внатрешни работи на околиски народен одбор односно во испостава или повереништво на органите на внатрешните работи, а по потреба и во орган на внатрешните работи на општински народен одбор.

Старешината на органот на внатрешните работи односно старешината на организационата единица на органот на внатрешните работи во кој приправникот од претходниот став се наоѓа на практична обука е должен на приправникот да му дава можност да се запознае со практичната работа на работите на службата за кои се подготвува, со работата на станица на Народна милиција, како и со работите од кривично-процесна и кривично-материјална природа.

Приправниците од ставот 1 на овој член можат да бидат упатени да поминат определено време од приправничкиот стаж на работа кај други државни органи или установи. За потребата од упатување на приправник на работа кај друг државен орган односно установа, одлучува старешината надлежен за назначување.

Член 11

Приправникот за звање милиционер го поминува времето на приправничкиот стаж на приправнички курс за милиционери и на практична обука во станица на Народна милиција.

Приправникот за звање стражар го поминува времето на приправничкиот стаж на приправнички курс за стражари на казнено-поправни установи и на практична обука во казнено-поправна установа.

Член 12

Приправникот за чин потпоручник или капетан на Народна милиција го поминува времето на приправничкиот стаж на практична обука во станица на Народна милиција и во секретаријат за внатрешни работи на околиски народен одбор.

Приправникот за звање надзорник или заповедник на стража на казнено-поправни установи го поминува времето на приправничкиот стаж на практична обука во казнено-поправна установа и во секретаријат за внатрешни работи на околиски народен одбор.

На приправникот од ст. 1 или 2 на овој член ќе му се дава можност за време на приправничкиот стаж да се запознае со практичната работа на работите на секретаријат за внатрешни работи на околиски народен одбор и во станица на Народна милиција односно со работите за извршување на казни и со стручната работа на стража на казнено-поправните установи.

Приправникот од ст. 1 или 2 на овој член може да биде упатен да помине определено време од приправничкиот стаж на работа кај други државни органи или установи. За потребата од упатување на приправник на работа кај друг орган односно установа, одлучува старешината надлежен за назначување.

Член 13

Приправникот за звање технички пристав го поминува времето на приправничкиот стаж на стручна (практична) обука во организационата единица на орган на внатрешните работи во која се вршат стручно-технички работи за кои се подготвува тој.

Старешината на организационата единица е должен на приправникот да му овозможи за време на приправничкиот стаж да се запознае со практичното вршење на одделни работи, а особено на оние со кои се врзани стручно-техничките работи за кои се подготвува тој.

Член 14

Приправникот за звање извршен пристав го поминува времето на приправничкиот стаж на практична работа во органи на внатрешните ра-

боти, или посетува стручно училиште за внатрешни работи при републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи.

Старешината на организационата единица во која приправникот од претходниот став се наоѓа на практична обука е должен на приправникот да му овозможи за време на приправничкиот стаж да се запознае со практичната работа на работите на службата за која се подготвува тој.

Член 15

Ако нема можност приправникот во органот во кој е запослен да се запознае со сите работи на звањето за кое се подготвува и да се здобие со потребна пракса за полагање на стручниот испит, старешината на органот е должен да му го овозможи тоа на друг годен начин (со повремено упатување во други органи, установи или организации, односно со упатување на соодветни пократки курсеви, семинари и слично).

Стручната обука на приправниците од членот 6 став 2 на овој правилник се врши во службата во која се запослени тие. Со планот на стручната обука може за овие приправници да се предвиди упатување во соодветна служба на народен одбор или установа или во стопанска организација, ако е тоа неопходно за здобивање со пракса потребна за полагање на стручниот испит.

Член 16

Стручната обука на приправниците се спроведува според планот на стручната обука што за секој приправник посебно ја составува старешината на органот во кој е запослен приправникот. Дел од планот на стручната обука која се врши во друг орган, се составува во спогодба со старешината на тој орган.

Планот на стручната обука на приправникот содржи: работи што приправникот треба да ги запознае на одделни работни места; траење на стручната обука на тие работи во одделни организациони единици; начин на изведувањето на обуката (запознавање со работите на одделни работни места, запознавање со прописите и организацијата, присуствување на работни состаноци на организационите единици, обработување на одделни предмети под надзор, запознавање со канцелариските работи, итн.); упатување на приправникот на работа во други органи, ако е тоа предвидено со прописи; надзор над обуката.

Сојузниот односно републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи може да пропише рамковен план за обука на приправниците за службеници на одделни звања, што се подготвуваат за вршење работи во определени служби.

Член 17

Старешината на органот во кој се изведува стручната обука на приправникот е должен на овој за време на обуката да му овозможи според планот на стручната обука да се запознае со сите работи.

Пред почетокот на изведувањето на стручната обука приправникот треба да биде запознаен со одредбите од овој правилник, со програмата на стручниот испит што треба тој да го полага и со планот на стручната обука.

За правилното и потполно спроведување на стручната обука е одговорен непосредниот старешина.

Непосредниот старешина може да определи друг службеник што ќе се грижи за стручната обука на приправникот.

Член 18

Со цел за што подобра подготовка за полагање на стручниот испит, на приправникот за време на стручната обука мора во текот на работното време да му се остави време потребно за запознавање на прописите и на соодветната стручна литература.

Член 19

За време на стручната обука приправникот води дневник. Во дневникот на стручната обука приправникот ги запишува: работните места односно работите на кои се обучува, траењето на обуката на одделни работни места односно работи, органите во кои се изведува обуката и начинот на изведувањето на обуката.

Во дневникот не се внесуваат работите што претставуваат службена тајна.

Дневникот на стручната обука го разгледува и изведувањето на стручната обука го заверува старешината на организационата единица во која приправникот го поминува определеното време на обуката. Заверувањето на дневникот на стручната обука се врши најмалку еднаш месечно. На крајот на обуката непосредниот старешина дава мислење за успехот што го постигнал приправникот во текот на обуката.

Член 20

Во согласност со планот на стручната обука на приправникот можат да му се даваат во работа определени работи на одделни работни места предвидени за звањето за кое се подготвува тој. Таквата работа се смета како дел од стручната обука и се врши под надзор.

Приправник не може да се постави на раководно место односно положај, ниту може да заменува службеник на тоа работно место односно положај.

Ако стручната обука не се изведува според утврдениот план или при тоа се постапува противно на одредбите од овој правилник, приправникот по повод на тоа е должен да му се обрне на органот на управата при кој постои служба на административната инспекција.

Член 21

Старешината на органот односно службеникот што ќе го определи тој може со пропитување на приправникот да проверува дали и колку е подготвен приправникот за полагање на испитот.

Ако со пропитувањето се утврди дека приправникот не е доволно подготвен за полагање на испитот, треба да му се укаже на тоа и да биде упатен кое градиво и во која мера треба уште да совлада.

Во рамките на пропитувањето на приправникот треба да му се даваат и пробни писмени задачи според програмата за одделни звања.

## IV. СТРУЧЕН ИСПИТ

Член 22

Програмата на стручниот испит се состои од општ и посебен дел.

### 1. Градиво за програмата на стручните испити за звањата на управните службеници

Член 23

Градивото за програмата на општиот дел од стручниот испит за звањето пристав опфаќа:

1) државно и политичко уредување на Југославија;
2) основи на стопанскиот систем на Југославија;
3) прописи за работните односи и за јавните службеници;
4) основни начела за социјалното осигурување;
5) прописи за општата управна постапка и за управните спорови;
6) прописи за канцелариското работење.

Градивото за програмата на општиот дел од стручниот испит за звањето референт од втора група и референт од прва група опфаќа:

1) државно и политичко уредување на Југославија;
2) основи на стопанскиот систем на Југославија;
3) основни начела на финансискиот и кредитниот систем на Југославија;
4) прописи за работните односи и за јавните службеници;
5) основни начела за социјалното осигурување;
6) прописи за општата управна постапка и за управните спорови;
7) прописи за канцелариското работење.

Ако некој од предметите од градивото на општиот дел од програмата се полага во градивото на посебниот дел, тој предмет нема да се полага во општиот дел.

Член 24

Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето пристав опфаќа:

1) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

2) основи на кривичното право и на кривичната постапка;

3) основи на криминалистиката — методика, тактика и техника;

4) управно право — посебен дел;

5) основи на службата за безбедност;

6) основно познавање на правилата за вршење на службата на Народната милиција;

7) основно познавање на системот на извршувањето на казни, на цивилната заштита и на противпожарството.

Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето референт од втора група и референт од прва група опфаќа:

1) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

2) кривично право и кривична постапка;

3) управно право — општ и посебен дел;

4) криминалистика — методика, тактика и техника;

5) служба за безбедност;

6) правила за вршење на службата на Народната милиција;

7) систем на извршувањето на казни;

8) основни поими од меѓународното јавно право, со посебен осврт врз правната положба на странците

**2. Градиво за програмата на стручните испити за звањата на управните службеници што вршат стручни радио-технички и стручни телеграфско-телефонски работи**

Член 25

Градивото за програмата на општиот дел од стручните испити за управните службеници што во органите на внатрешните работи вршат стручни радио-технички или стручни телеграфско-телефонски работи му одговара на градивото предвидено во членот 23 од овој правилник за соодветно звање на управен службеник.

Член 26

Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето референт од прва група што врши стручни радио-технички работи опфаќа:

1) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

2) опис, мерење, испитување, начин на монтажа, одржување и основни принципи на функционирањето:

а) на радио-телефонските и радио-телеграфските приемни уреди;

б) на радио-телефонските и радио-телеграфските предавни уреди;

в) на антенските приемни и предавни постројки;

г) на апаратите за радио-телеграфија (машински морзе, радио-принтер, Хел, итн.);

д) на УКБ-уредити;

ѓ) на високо-фреквентните кабели и водови;

е) на уредите за напојување со струја на радиоприемни и предавни постројки (исправувачи од сите видови, акумулатори, претворачи, агрегати);

3) смеќавања во радио-телефонскиот и радиотелеграфскиот сообраќај и мерки за нивно отстранување;

4) техничка организација на безжичната служба за врска.

Член 27

Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето референт од прва група што врши стручни телеграфско-телефонски работи опфаќа:

1) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

2) опис, начин на монтирање, испитување, одржување и основни принципи на функционирањето:

а) на рачните телефонски централи и на сите телефонски апарати;

б) на автоматските телефонски централи;

в) на комбинуваните рачни и автоматски телефонски централи;

г) на телеграфските апарати — Морзеовите апарати, телепринтерите и перфораторите;

д) на линиските телеграфски уреди за повеќекатна и еднокатна телеграфија;

ѓ) на телеграфската спрега (симултана работа, дуплексна телеграфија);

е) на уредите за напојување со струја на тт централи и апарати (акумулатори, агрегати, суви исправувачи);

ж) на сите тт водови (воздушни линии, кабели);

3) опис, мерење, испитување, одржување и основни принципи на функционирањето:

а) на високофреквентните телефонски уреди (едноканални, триканални и повеќеканални);

б) на високофреквентните телеграфски уреди;

4) претсметка на бројот на органите во автоматски тт централи;

5) осигурување на тт уреди, линии и кабели од високиот напон и јаката струја;

6) прописи на Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните за градба на воздушни тт водови и кабели;

7) техничка организација на жичаната служба за врска.

**3. Градиво за програмата на стручните испити за чинови односно звања во Народна милиција и во стража на казнено-поправни установи**

Член 28

Градивото за програмата на стручниот испит за чинот потпоручник на Народна милиција и за звањето надзорник на стража на казнено-поправни установи го опфаќа градивото предвидено со овој правилник за општиот и посебниот дел од стручниот испит за звањето пристав.

Покрај градивото од претходниот став, градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за чинот потпоручник на Народна милиција и за звањето надзорник на стража на казнено-поправни установи опфаќа и:

1) систем на извршувањето на казни;

2) настава на гаѓањето, со наоружување и со теорија на гаѓањето;

3) тактика — борбена употреба на стрелачки вод.

Член 29

Градивото за програмата на стручниот испит за чинот капетан на Народна милиција и за звањето заповедник на стража на казнено-поправни установи го опфаќа градивото предвидено со овој правилник за општиот и посебниот дел од стручниот испит за звањето референт од втора група и референт од прва група.

Покрај градивото од претходниот став, градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за чинот капетан на Народна милиција и за звањето заповедник на стража на казнено-поправни установи опфаќа и:

1) настава на гаѓањето, со наоружување и со теорија на гаѓањето;

2) тактика — борбена употреба на пешадиска чета;

3) топографија.

**4. Градиво за програмата на стручните испити за звањата на извршните службеници**

Член 30

Извршните службеници на органите на внатрешните работи што за време на приправничкиот стаж не ќе завршат стручно училиште при републичкиот државен секретаријат за внатрешни ра-

боти, го полагаат стручниот испит за звањето за кое се подготвуваат според програмата предвидена со овој правилник.

Член 31

Градивото за програмата на општиот дел од стручниот испит за звањата извршен пристав и технички пристав опфаќа:

1) државно и политичко уредување на Југославија;

2) управување во стопанството и во општествените служби;

3) прописи за работните односи и за јавните службеници;

4) кривични дела против службената должност.

Член 32

Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето извршен пристав што врши работи на државната безбедност опфаќа:

1) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

2) основи на кривичното право;

3) основи на кривичната постапка;

4) основи на криминалистиката;

5) основи на службата за безбедност;

6) управно право — посебен дел;

7) канцелариско работење.

Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањата извршен пристав и технички пристав што вршат работи на криминалистичката служба опфаќа:

1) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

2) основи на кривичното право;

3) основи на кривичната постапка;

4) криминалистичка техника;

5) основи на криминалистичката тактика и методика;

6) канцелариско работење.

Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето технички пристав што врши радио-телеграфски работи опфаќа:

1) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

2) познавање на приемот и чукање на Морзеови знаци;

3) познавање на прописите на радио-службата во внатрешниот и меѓународниот сообраќај;

4) познавање на радио-службата на државниот секретаријат за внатрешни работи;

5) познавање на електро и радио-техниката;

6) познавање на радио-уредите.

Член 33

Приправниците за звање технички пристав што во стручно-техничките служби вршат стручни радио-технички или телеграфско-телефонски работи го полагаат општиот дел од стручниот испит според градивото предвидено со овој правилник за општиот дел од стручниот испит за звањето пристав.

Посебниот дел од програмата на стручниот испит за звањето технички пристав што во стручно-техничките служби врши радио-технички работи го опфаќа градивото предвидено во членот 26 од овој правилник.

Посебниот дел од програмата на стручниот испит за звањето технички пристав што во стручно-техничките служби врши телеграфско-телефонски работи го опфаќа градивото предвидено во членот 27 од овој правилник.

Од приправникот од ставот 1 на овој член се бара да покаже на испитот основно познавање на градивото предвидено во посебниот дел од програмата на стручниот испит за звањето за кое се подготвува.

Член 34

Сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи може да издаде како службено издание програми за редовни стручни испити, според градивата пропишани со овој правилник.

Член 35

Ако со овој правилник не е определено поинаку, управните службеници на органите на внатрешните работи со спрема од технички и други струки го полагаат стручниот испит според програмата пропишана со посебни прописи за стручните испити за службениците од соодветна струка односно служба.

## V. ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 36

Службениците на републичките органи и служби на внатрешните работи го полагаат стручниот испит пред испитните комисии што ги определува републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи.

Службениците на сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи и на него подредените органи и установи го полагаат стручниот испит пред испитните комисии што ги определува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Стручните испити за чинови на офицери на Народна милиција се полагаат пред испитната комисија што ја определува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Одредбите на претходните ставови од овој член не се однесуваат на службениците од членот 6 став 2 на овој правилник, кои го полагаат стручниот испит пред испитната комисија формирана за службениците од соодветна служба односно струка.

Стручните испити за звањата на управните службеници што вршат стручни радио-технички или телеграфско-телефонски работи, за кои е градивото за програмата на испитите предвидено во чл. 25, 26 и 27 од овој правилник, се полагаат пред испитните комисии од ст. 1 и 2 на овој член.

Член 37

Приправникот може да го полага стручниот испит најрано на еден месец пред истекот на приправничкиот стаж.

Писмена пријава за полагање на стручниот испит кандидатот му поднесува на органот во кој е запослен, а овој ја доставува пријавата до органот при кој е формирана испитната комисија.

Кон пријавата за полагање на стручниот испит, покрај податоците за датумот и местото на раѓањето на кандидатот (општина, околија, народна република), за стручната спрема (школи, курсеви, испити), звањето и платниот разред и за работите што ги вршел кандидатот, се доставува и заверен препис од решението за поставување, а за приправниците и планот и дневникот на стручната обука, со мислење за успехот што го постигнал кандидатот во текот на обуката.

За службеникот што во смисла на членот 197 став 2 и членот 198 став 3 од Законот за јавните службеници треба да полага дополнителен испит, во пријавата за полагање на испитот треба да се наведе кој испит службеникот порано положил, како и градивото од кое полага дополнителен испит.

Член 38

Ако во решението за поставување не е определен срок за полагање на стручниот испит, а не е донесено решение за ослободување од полагањето на испитот, службеникот е должен да положи соодветен испит под условот и во срокот од членот 197 став 2, членот 198 став 3 односно членот 199 став 1 на Законот за јавните службеници.

Член 39

Органот при кој е формирана испитната комисија му одобрува на пријавениот кандидат полагање на испитот ако утврди дека ги исполнува условите за полагање на испитот. За даденото одобрение се известува кандидатот преку органот во кој е запослен. На ист начин се известува и кандидатот на кој не му е одобрено полагање на испитот.

Ако органот при кој е формирана испитната комисија утврди дека стручната обука не е спроведена според планот на приправничката обука,

може да одобри полагање на стручниот испит ако за неспроведувањето на обуката не е одговорен службеникот.

Испитната комисија го утврдува распоредот и ги определува роковите и времето за полагање на стручните испити, водејќи сметка да не дојде до застој во полагањето на испитите, како и за желбите и интересите на кандидатите.

Испитната комисија го известува кандидатот на кој му е одобрено полагање на испитот за денот на полагањето на испитот најдоцна на 15 дена пред денот определен за полагање.

Член 40

Испитната комисија се состои од претседател и четири до шест членови што во исто време се и испитувачи. Во случај на потреба, комисијата може да се дополни со потребен број испитувачи за определен дел од испитното градиво.

Со решението за именување на членовите на комисијата се определува ист број нивни заменици и записничарот. Со тоа решение се определува и кое градиво ќе испитува кој член на комисијата односно испитувач.

Претседателот, членовите на испитната комисија, нивните заменици и испитувачите се именуваат од редовите на истакнати стручњаци.

За член на испитната комисија не може да биде именувано лице што има спрема од пониска група од спремата на звањето односно чинот за кој се полага испитот.

Член 41

За текот на испитот се води записник.

Записникот се води според образецот што ќе го пропише Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа.

Записникот го потпишуваат сите членови на испитната комисија и записничарот.

Целокупната администрација околу стручните испити ја води онаа организациона единица на органот при кој е формирана испитната комисија во чија надлежност спаѓа школството и стручното образование на службениците.

Член 42

Стручниот испит го полага кандидатот писмено односно практично и усно.

Член 43

За писмениот испит задачата ја составува член на комисијата односно испитувач определен од страна на испитната комисија. Задачата може да опфати едно или повеќе прашања, по правило од она градиво пропишано во испитната програма што најмногу ѝ одговара на праксата од службата во која е запослен приправникот.

Задачата треба да се состави така што од нејзината обработка да може да се види во која мера кандидатот овладеал со прописите и други знаења потребни за вршење на работите на звањето за кое се подготвува тој.

Член 44

Претседателот или член на комисијата што ќе го определи тој им ги предава на кандидатите задачите непосредно пред почетокот на писмениот испит. При предавањето на задачите, на кандидатите им се соопштува со кои помошни средства можат да се служат при изработката на писмената задача. Употреба на други помошни средства, како и препишување на задачите, повлекува отстранување од испитот.

При изработката на задачите присуствува претседателот или член на комисијата што ќе го определи тој, членот на комисијата односно испитувачот што ја дал задачата и записничарот.

Ако на кандидатот во смисла на членот 42 место писмена задача му се дава да изработи практична работа (проект, организација на процесот на производството, организација на работата и др.) што се работи подолго време, комисијата го определува и срокот во кој треба работата да биде завршена и предадена, водејќи сметка за сложеноста и обемот на материјата што треба да ја обработи кандидатот.

При определувањето на темата за изработка на практична работа на кандидатот од претходниот став, комисијата може да побара мислење од непосредниот старешина што ја надзиравал стручната обука.

Член 45

За изработка на писмената задача се дава време од четири часа. Времето определено за изработка на задачата се смета од моментот на предавањето на задачата на кандидатите.

Задачата (оригиналот и концептот) се работи на хартија обележена со печат од органот при кој се полага испитот.

Присутниот член на испитната комисија го забележува на оригиналот времето на предавањето на задачата и тоа го заверува со свој потпис.

Член 46

Кон устен испит се пристапува по изработката на писмената задача односно на практичната работа.

На усниот испит кандидатот се испитува од целото пропишано испитно градиво. Испитувањето се врши, по правило, во текот на еден ден.

Начинот на усното испитување го утврдува испитната комисија, при што треба да се има предвид практичниот карактер на испитот.

На усниот испит комисијата може од кандидатот што ја работел практичната работа (проект, организација на работата и др.), да бара потребни образложенија во врска со изработката на практичната работа.

На усниот испит присуствуваат членовите на испитната комисија и записничарот. Ако на комисијата ѝ е придодаден испитувач, тој присуствува само додека го врши испитувањето. Хонорарот на испитувачите им се определува за времето за кое фактично учествувале во работата на испитната комисија, но најмалку за два часа.

Секој член на испитната комисија има право да му поставува прашања на кандидатот.

Траењето на усното испитување не е временски ограничено. Кандидатот треба да се испитува додека членот на комисијата (испитувачот) односно комисијата не се здобие со уверение за степенот на знаењето на кандидатот. За траењето на усното испитување одлучува секој член на комисијата односно испитувач поединечно, а претседателот на испитната комисија може во тој поглед да интервенира во текот на целиот испит.

Член 47

Оценувањето се врши комисиски.

Комисијата го оценува целокупниот успех на кандидатот на испитот, имајќи ја предвид писмената задача односно практичната работа, како и одговорите на усниот испит.

Оценката на општиот успех на кандидатот е: „положил со одличен успех", „положил со многу добар успех", „положил со добар успех", или „не положил".

Оценката се дава со мнозинство на гласовите. Во случај на рамномерна поделба на гласовите, одлучува страната на која е гласот на претседателот на комисијата.

Член 48

Полагањето на стручниот испит кандидатот може да го повтори двапати. Времето меѓу едното и другото полагање не може да биде пократко од шест месеци.

Кандидатот што не ќе положи еден дел од испитното градиво (еден или два предмета), може од тој дел на градивото да полага поправен испит во срокот што ќе го определи испитната комисија, а кој не може да биде пократок од еден месец. Соопштувањето за срокот на полагањето на поправниот испит кандидатот го прима на потпис на записникот на испитната комисија.

На поправниот испит се дава писмена задача само ако кандидатот го повторува испитот од градивото од кое ја работел писмената задача и ако задачата не е поволно оценета.

Кандидатот што на поправниот испит не ќе добие задоволителна оценка или на определениот ден без оправдание не пристапи кон полагање на поправниот испит, се смета дека не го положил стручниот испит.

Член 49

Ако кандидатот неоправдано се откаже од веќе започнатото полагање на испитот, ќе се смета дека не го положил испитот.

Член 50

Полагањето на стручниот испит може да се одложи ако е кандидатот поради болест или од други оправдани причини спречен да дојде на испитот или да го продолжи полагањето на започнатиот испит.

За одлагањето на испитот решава испитната комисија по барање од кандидатот.

Ако испитната комисија не ги прифати причините за одлагањето на испитот, кандидатот може да бара да реши за тоа органот при кој е формирана испитната комисија.

## VI. КУРСЕВИ И СЕМИНАРИ

Член 51

При сојузниот и републичките државни секретаријати за внатрешни работи како и при Покраинскиот и Обласниот секретаријат за внатрешни работи, можат да се организираат курсеви и семинари заради образование и стручно усовршување на службениците на органите на внатрешните работи.

Курсеви и семинари можат да се организираат за одделни групи службеници, според нивната стручна спрема, звањето или работите што ги вршат или со оглед на службата на внатрешните работи во која работат.

Член 52

Курсевите и семинарите се организираат врз основа на решението што го донесува старешината на органот од претходниот член. Со решението се определува програмата и планот за работа, како и местото и времето за одржување на курсот или семинарот.

Член 53

Сојузниот и републичките државни секретаријати за внатрешни работи можат да организираат семинари заради подготвување на службениците за полагање на посебниот дел од стручниот испит или заради подготвување на службениците на кои им е одобрено полагање на посебен испит за признавање на стручна спрема од повисок степен.

Член 54

Со цел за подготвување на милиционерите и стражарите за успешно вршење на работите во службата на Народната милиција односно во казнено-поправните установи, се основуваат приправнички курсеви за милиционери и стражари.

Член 55

Градивото за програмата на приправничкиот курс за милиционери и стражари на казнено-поправните установи опфаќа:

1) државно уредување на Југославија;

2) Закон за органите на внатрешните работи и организациони прописи на органите на внатрешните работи;

3) правила за вршење на службата на Народната милиција;

4) основи на кривичното законодавство;

5) основи на криминалистиката;

6) административно законодавство;

7) физичко образование;

8) настава на гаѓањето и наоружувањето;

9) строево правило.

Курсот од претходниот став го основува сојузниот односно републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи и го определува неговото траење, кое не може да биде пократко од шест месеци.

Наставниот план и наставната програма на курсот ја донесува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Покрај градивото од ставот 1 на овој член, републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи може да пропише дополнителен дел на градивото и да ја дополни наставната програма и наставниот план.

Завршниот испит на курсот се полага според наставната програма на курсот.

Положениот завршен испит на курсот за милиционери и стражари на казнено-поправни установи се смета како положен стручен испит за звањето милиционер односно стражар.

## VII. ПОСЕБНИ ИСПИТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ ВО ПОВИСОК ЧИН И ПОВИСОКО ЗВАЊЕ

### 1. Посебни испити за унапредување во чин мајор и чин полковник на Народна милиција и во звање заповедник на стража на казнено-поправни установи

Член 56

Градивото за програмата на посебниот испит за унапредување во чин мајор на Народна милиција и во звање заповедник на стража на казнено-поправни установи опфаќа:

1) уставно право на Југославија;

2) кривично право на Југославија;

3) криминалистика;

4) Закон за органите на внатрешните работи, со закони и уредби што го регулираат службениот статус на службеник на Народна милиција и на службеник на стража на казнено-поправни установи;

5) правила за вршење на службата на Народната милиција;

6) управно право на Југославија;

7) основи на меѓународното јавно право;

8) служба за безбедност;

9) тактика — борбена употреба на пешадиска чета.

Член 57

Градивото за програмата на посебниот испит за унапредување во чин полковник на Народна милиција опфаќа:

1) уставно право на Југославија;

2) кривично право на Југославија;

3) Закон за органите на внатрешните работи, со закони и уредби што го регулираат статусот на службеник на Народна милиција;

4) правила за вршење на службата на Народната милиција;

5) управно право на Југославија;

6) социологија;

7) основи на меѓународното јавно право;

8) служба за безбедност;

9) тактика — работа и борбена употреба на пешадиски полк.

Член 58

Писмената пријава за полагање на посебниот испит за унапредување во чин мајор и чин полковник на Народна милиција и во звање заповедник на стража на казнено-поправни установи му се поднесува на републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи, кој ја доставува пријавата со свое мислење до сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Кандидатите од претходниот став што се запослени во сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи и во негови организациони единици, му поднесуваат пријава за полагање на испитот на сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Кон пријавата за полагање на посебниот испит кандидатот треба да приложи заверен препис од наредбата (решението) за унапредување во последниот чин односно звање и заверен препис од пополнетиот упитник за оценување за последните две години.

Член 59

Пријавите за полагање на посебниот испит за унапредување во чин мајор и чин полковник на

Народна милиција и во звање заповедник на стража на казнено-поправни установи се поднесуваат до 30 април секоја година.

Решение за пријавите на кандидатите донесува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи. Во решението со кое се одобрува полагањето на испитот се определува датумот и местото на одржувањето на испитот. Ако на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот, во решението се наведуваат причините за тоа.

Кандидатот може да се одбие од полагањето на испитот само ако не ги исполнува условите за полагање на овој испит според Уредбата за звањата и платите на службениците на органите на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/58 и 6/59).

Член 60

Полагање на посебниот испит за унапредување во чин мајор и чин полковник на Народна милиција и во звање заповедник на стража на казнено-поправни установи може да се повтори најмногу двапати. Времето меѓу едното и другото полагање не може да биде пократко од една година.

Член 61

Испитните комисии за полагање на посебниот испит за унапредување во чин мајор и чин полковник на Народна милиција и во звање заповедник на стража на казнено-поправни установи ги определува сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Во поглед на определувањето на испитните комисии од претходниот став и на нивната работа важат одредбите на чл. 40, 41, 46, 49, 50 и 66 од овој правилник.

**2. Посебен испит за унапредување на извршен пристав и технички пристав во звање виш извршен пристав односно виш технички пристав**

Член 62

Службеник во звање извршен пристав односно службеник во звање технички пристав со непотполно средно училиште, што не завршил стручно училиште при републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи, не може да биде унапреден во звање виш извршен пристав односно виш технички пристав додека ова училиште не го заврши или не го положи посебниот испит за признавање на средна стручна спрема според одредбите на чл. 67 до 79 од овој правилник.

**3. Посебен испит за унапредување во повисок чин односно во повисоко звање на други службеници**

Член 63

Посебен испит за унапредување во повисок чин односно во повисоко звање може да бара да полага службеник што се наоѓа во почетно звање односно чин, кој поминал три години во завршен платен разред на тој чин односно звање и кој за три години поминати во завршниот платен разред добивал поволни оценки (член 188 ст. 1 и 2 од Законот за јавните службеници).

На посебниот испит за унапредување во повисок чин односно во повисоко звање се утврдува способноста на службеникот за вршење на работите на повисокиот чин односно на повисокото звање.

Посебниот испит за унапредување во повисок чин односно во повисоко звање кандидатот го полага писмено и усно.

За задача на писмениот испит односно за практична работа му се дава на кандидатот да реши едно или повеќе прашања од областа на службата во која е запослен тој односно на работите што ги врши.

На усниот испит на кандидатот му се поставаат прашања во врска со писмената задача односно со практичната работа. Освен тоа, кандидатот се испитува од материјата во областа на службата во која е запослен, а особено од прописите што се применуваат во таа служба.

Член 64

Посебниот испит за унапредување во повисок чин се полага пред испитната комисија што се формира при сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Посебниот испит за унапредување во повисоко звање се полага пред испитната комисија што ја формира старешината на органот во кој е запослен службеникот.

Испитните комисии за испитите од претходните ставови се состојат од претседател и два члена. Членовите на овие комисии не можат да имаат чин односно звање од пониска група од групата на чинот односно звањето на службеникот што го полага испитот.

На службеникот ќе му се одобри, ако го бара тоа, да го полага овој испит пред испитната комисија пред која се полага стручниот испит.

Член 65

Кандидатот се оценува според успехот покажан на писмената задача односно на практичната работа и на усниот испит.

Оценката на успехот на кандидатот е: „положил" или „не положил".

Член 66

Кандидатот што не ќе го положи испитот за унапредување во повисок чин односно во повисоко звање може да се пријави да го полага повторно овој испит по истекот на една година од секое претходно полагање.

## VIII. ПОСЕБЕН ИСПИТ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА СТРУЧНА СПРЕМА ОД ПОВИСОК СТЕПЕН

Член 67

Службениците на кои според членот 177 од Законот за јавните службеници им е одобрено полагање на посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен, го полагаат тој испит според одредбите на овој правилник.

Член 68

Посебен испит за признавање на стручна спрема од повисок степен може да полага службеник што го положил стручниот испит за своето звање односно чин или што е ослободен од полагањето на овој испит.

Посебен испит за признавање на стручна спрема од повисок степен може да полага службеник само за признавање на непосредно повисока стручна спрема од онаа што ја има.

Член 69

Посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен опфаќа теориски и практични знаења.

Посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен се состои од општ и посебен дел.

Член 70

Градивото за програмата на општиот дел од посебниот испит за признавање на средна стручна спрема опфаќа:

1) народен јазик;

2) национална историја;

3) државно и политичко уредување на Југославија;

4) основни начела на стопанскиот систем на Југославија;

5) прописи за работните односи и за јавните службеници;

6) прописи за општата управна постапка и за управните спорови.

Градивото за програмата на општиот дел од посебниот испит за признавање на виша стручна спрема опфаќа:

1) основи на политичката економија;

2) основи на теоријата на државата и правото;

3) државно и политичко уредување на Југославија:

4) основи на стопанскиот систем на Југославија;

5) прописи за работните односи и за јавните службеници;

6) основни начела на имотното и фамилијарното право;
7) управна постапка и управен спор.

Градивото за програмата на општиот дел од посебниот испит за признавање на висока стручна спрема опфаќа:
1) политичка економија;
2) теорија на државата и правото;
3) државно и политичко уредување на Југославија;
4) стопански систем на Југославија;
5) основи на финансискиот и кредитниот систем на Југославија;
6) трудово право;
7) основи на имотното и фамилијарното право;
8) управно право.

Член 71

Градивото за програмата на посебниот дел од посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен го опфаќа, по правило, градивото односно законодавството предвидено со овој правилник за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звање односно чин од соодветна спрема, со тоа што му се обрнува особено внимание на оној дел од градивото односно законодавството што се применува во службата на органот на внатрешните работи во која работи кандидатот.

Градивото за програмата на посебниот дел од посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен го определува органот при кој е формирана испитната комисија.

Во службите на органите на внатрешните работи во кои службениците од определени звања вршат исти или приближно исти работи, може за секоја таква служба да се определи единствено градиво за програмата на посебниот дел од посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен.

За програмата на посебниот дел од тој испит кандидатот мора да биде известен најдоцна на три месеци пред денот определен за полагање на испитот.

Член 72

Сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи може да издаде како службено издание разработени програми на општиот дел од посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен, според градивото пропишано со овој правилник.

Разработените програми на посебниот дел од посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен може да ги издаде надлежниот орган од претходниот член.

Член 73

Испитната комисија за полагање на посебниот испит за признавање на средна стручна спрема ја определува секретаријатот на републичкиот извршен совет за општа управа, на предлог од републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи, а испитната комисија за признавање на виша и висока стручна спрема ја определува Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа, на предлог од сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Испитната комисија за полагање на посебниот испит за признавање на средна, виша и висока стручна спрема за службениците на Народната милиција и испитната комисија за полагање на посебниот испит за признавање на средна стручна спрема за службениците на сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи ги определува Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа, на предлог од сојузниот Државен секретаријат за внатрешни работи.

Со решението за формирање на испитната комисија се определува и нејзиното седиште.

Член 74

Службеник на кој му е одобрено полагање на посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен поднесува пријава со одобрението до органот во кој е запослен. Старешината на тој орган ја доставува пријавата до органот при кој е формирана испитната комисија. Кон пријавата се доставува одобрението за полагање на испитот и персоналниот лист.

Органот при кој е формирана испитната комисија го определува денот и часот за полагање на испитот и за тоа го известува кандидатот преку органот во кој е запослен тој.

Член 75

Во поглед на водењето на администрацијата и записникот на испитната комисија, важат одредбите од членот 41 на овој правилник.

Член 76

На испитот кандидатот прво го полага усно градивото на општиот дел од испитот.

Кандидатот што не ќе го положи општиот дел, не може да го полага посебниот дел од испитот.

На кандидатот што не покажал задоволителен успех од еден дел на градивото на општиот дел од испитот (од еден или два предмета), комисијата може да му определи да полага поправен испит од тоа градиво. Срокот во кој кандидатот ќе го полага поправниот испит, што го определува испитната комисија, не може да биде пократок од два ниту подолг од дванаесет месеци од претходното полагање. Ако кандидатот не пристапи кон полагање на поправниот испит во определениот срок, се смета дека не го положил овој дел од испитот.

Кандидатот што ќе го положи општиот дел од испитот, следниот ден го полага писмениот испит од посебниот дел на испитот.

За писмен испит на кандидатот му се дава да реши некое посложено прашање од областа на службата во која е запослен.

Старешината на органот во кој е запослен службеникот или лицето што тој ќе го овласти предлага за секој кандидат најмалку три прашања од областа на односната служба од кои би можела да се определи темата за писмената задача. Испитната комисија не е должна да определи тема од предложените прашања, но при определувањето на темата ќе води сметка за работите што ги врши кандидатот.

За изработка на писмената задача се дава време од четири часа. Во случај на потреба, ова време може да се продолжи најмногу за два часа.

При изработката на задачите присуствуваат претседателот, член на комисијата што тој ќе го определи и записничарот.

Во поглед на постапката при изработката на писмената задача, важат одредбите на членот 45 ст. 2 и 3 од овој правилник.

Член 77

По изработката на писмената задача кандидатот го полага усниот испит од посебниот дел на испитот.

Усното испитување опфаќа дискусија од темата што ја обработил писмено кандидатот и испитување од градивото на посебниот дел од испитот.

Член 78

Усното испитување се врши на начинот пропишан во членот 46, а оценувањето на начинот пропишан во членот 47 од овој правилник.

Член 79

Кандидатот што на испитот не ќе покаже задоволителен успех од градивото на општиот дел од посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен, може само еднаш да го повтори полагањето на испитот од тој дел на градивото, и тоа во срокот кој не може да биде пократок од една ниту подолг од две години.

Повторно полагање на испитот од градивото на посебниот дел од овој испит не е дозволено.

## IX. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 80

Службеник што е должен да положи стручен испит не може да биде унапреден во повисоко звање односно во повисок чин, ниту во повисок платен разред, додека не го положи испитот.

На службеник на кој при назначувањето во звање според членот 193 став 3, членот 197 став 2, членот 198 или 199 став 1 од Законот за јавните службеници со решението за назначување му е определено полагање на стручниот испит, одредбата од претходниот став се применува по истекот на срокот во кој тој бил должен да го положи стручниот испит.

Член 81

Службениците унапредени во повисоко звање според членот 193 став 1 од Законот за јавните службеници, не полагаат стручен испит предвиден за звање во кое се унапредени.

Член 82

По завршениот испит на кандидатот му го соопштува успехот претседателот на испитната комисија во присуство на сите членови на комисијата.

На кандидатот што го положил испитот му се издава уверение за положениот испит.

Уверението за положениот испит го издава органот при кој е формирана испитната комисија.

Уверението за положениот испит го потпишуваат старешината на органот при кој е формирана испитната комисија односно службеникот што тој ќе го овласти, и претседателот на испитната комисија.

Уверението се издава во два примерка според образецот што ќе го пропише Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа, од кои еден примерок му се врачува на службеникот, а другиот се вложува во неговиот персонален лист.

За кандидатот што не го положил испитот се известува за тоа органот во кој е запослен тој.

Член 83

Кандидатот што полага испит надвор од местото на службувањето, има право на надоместок на патните трошоци според прописите за патните и селидбените трошоци, и тоа кога првпат го полага испитот или кога полага поправен испит по првото полагање на стручниот испит.

Кандидатот што од неоправдани причини не ќе пристапи кон полагање на испитот, нема право на надоместок на патните трошоци.

Патните трошоци паѓаат на товар на органот во кој е запослен службеникот.

Кандидатот има право на платено отсуство за полагање на испитот.

Ако кандидатот го полага испитот во друго место, во отсуството според претходниот став се засметува и времето потребно за одење во местото за полагање на испитот и за враќање во местото на живеењето.

Отсуството според претходните ставови не се засместува во годишен одмор ниту во отсуство според членот 87 став 1 од Законот за јавните службеници.

Член 84

Службениците што при преминување од една служба (струка) во друга (член 197 од Законот за јавните службеници) добиваат друго звање или чин, се должни да положат стручен испит за звањето односно за чинот во кој се назначуваат. Ако службеникот положил стручен испит за звањето или чинот што го има, со актот за назначување се одлучува дали ќе полага дополнителен испит за новото звање односно чин.

Службениците што при преминување од друга јавна служба во службата на органите на внатрешните работи го задржуваат истото звање а положиле стручен испит во поранешната служба, ќе полагаат дополнителен испит само ако е пропишаното градиво на програмата на посебниот дел од стручниот испит услов за вршење на работите во службата на органите на внатрешните работи.

Ако службениците при преминување од друга јавна служба во службата на органите на внатрешните работи го менуваат поранешното звање а положиле стручен испит во служба од која преминуваат, ќе полагаат дополнителен испит од она градиво што не е опфатено со градивото на стручниот испит што го положиле.

Градивото за полагање на дополнителниот испит според претходниот став, го определува органот при кој е формирана испитната комисија.

Член 85

Службениците од технички и други струки што при преминување од друга јавна служба, стопанска или општествена организација или самостојна професија во службата на органите на внатрешните работи ќе добијат звање на управни службеници а положиле стручен испит, не полагаат дополнителен испит.

По исклучок од одредбата на претходниот став, дополнителен испит полагаат оние службеници што преминуваат во службата на органите на внатрешните работи за која положениот испит од градивото на посебниот дел од стручниот испит е услов за вршење на работите во таа служба.

Член 86

Службениците што се назначуваат (унапредуваат) во звање или чин повисок од почетниот (стекнување на виша школска спрема, признавање на стручна спрема од повисок степен, преминување — поставување од стопанска или општествена организација — чл. 193 и 198 од Законот за јавните службеници), не полагаат стручен односно дополнителен испит за почетно звање односно почетен чин од соодветна група.

Во случај на назначување (унапредување) од звање односно чин од пониска група во почетно звање односно почетен чин од повисока група, службеникот е должен да го положи стручниот испит за новото звање односно новиот чин.

Член 87

Службениците на кои им е признаена стручна спрема од повисок степен за определена служба на органите на внатрешните работи, па таа служба ќе ја напуштат и ќе преминат во служба на друг орган, го губат правото на звањето стечено по овој основ.

Срокот во кој е службеникот должен да положи некој од испитите пропишани со овој правилник се смета од денот на приемот на решението односно од денот на соопштувањето, ако со овој правилник не е определено поинаку.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 88

До донесувањето на прописи за стручните испити управните службеници со спрема од технички и други струки што не положиле стручен испит во својата струка, а се должни да го положат, ќе го полагаат овој испит, и тоа: општиот дел според програмата предвидена со овој правилник за звањето пристав, а посебниот дел според програмата предвидена во досегашните прописи за стручните испити.

Службениците од претходниот став ќе го полагаат стручниот испит пред испитната комисија што ќе ја определи надлежниот државен секретаријат за внатрешни работи.

Пред испитната комисија од претходниот став ќе го полагаат стручниот испит и службениците од членот 89 на овој правилник.

Член 89

Службениците од членот 6 став 2 на овој правилник за кои не е пропишана програма на стручниот испит или кои не можат да се здобијат со потребна пракса за полагање на стручниот испит според програмата определена со посебен пропис, го полагаат стручниот испит според програмата која се состои од општ дел на стручниот испит пропишан за звањето пристав и од посебен дел што ќе го определи старешината на органот во кој се запослени овие службеници, во согласност со секретаријатот на извршниот совет за општа управа.

Член 90

Положените стручни испити за звање за кое според поранешните прописи се барала определена стручна спрема се признаваат како положени

стручни испити предвидени со овој правилник за звање односно чин од соодветна стручна спрема.

Ќе се смета дека го положиле стручниот испит за соодветно звање од средна стручна спрема службениците што завршиле курсеви во органите на внатрешните работи во траење од најмалку шест месеци, ако поминале пет години во служба на органите на внатрешните работи пред упатувањето на курс.

На службениците што завршиле Вишо управно училиште за внатрешни работи им се признава завршниот испит во ова училиште како положен стручен испит за звањето референт од втора група, ако пред упатувањето во училиштето имале најмалку пет години служба во органите на внатрешните работи.

Положениот завршен испит во едногодишно училиште за внатрешни работи при републичкиот државен секретаријат за внатрешни работи, како и завршен испит во училиште за офицери на Народна милиција (за слушателите од I до VII класа), се смета како положен посебен испит за признавање на средна стручна спрема во смисла на овој правилник.

На службениците што положиле завршен испит во училиште за офицери на Народна милиција им се признава овој испит како положен посебен испит за признавање на виша стручна спрема, ако пред упатувањето во училиштето имале завршено средно училиште за општо образование или на него рамно училиште.

Како положен посебен испит за унапредување на извршен пристав и технички пристав во звање виш извршен пристав односно виш технички пристав, како и посебен испит за унапредување на пристав во звање референт од трета група, се признаваат следните испити и завршени курсеви во органите на внатрешните работи:

1) положен испит за звањето технички пристав според програмата предвидена во Правилникот за дополненија на Правилникот за стручната спрема на службениците во ресорот на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/57);

2) положен завршен испит на курсевите за криминалистички службеници што траеле најмалку шест месеци;

3) положен завршен испит на курсевите за радио-телеграфисти одржани при Управата за државна безбедност што траеле најмалку шест месеци.

Член 91

Службениците на кои при назначување извршено до 1 јануари 1958 година им е определено, како и оние на кои од посебни комисии им е одобрено, да полагаат посебен испит за признавање на средна или виша стручна спрема ќе го полагаат испитот за признавање на средна односно висока стручна спрема според програмата што им е определена.

Член 92

Стручната спрема од повисок степен признаена според посебни прописи во други служби, може да се признае за напредување и во службата во органите на внатрешните работи, ако е за вршење на определени работи предвидена таков вид стручна спрема. Решение за ова донесува старешината надлежен за назначување, во согласност со комисијата од членот 18 на Законот за јавните службеници.

Член 93

Посебен испит за признавање на стручна спрема од повисок степен ќе полагаат според одредбите на овој правилник и службениците од членот 404 став 3 на Законот за јавните службеници.

Член 94

Стручниот испит и посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен ќе се полагаат според програмите од главата IV и VIII на овој правилник по истекот на три месеци од неговото објавување.

Ако кандидатот бара, ќе му се одобри полагање на испитот според таа програма и пред истекот на тримесечниот срок.

Член 95

Службениците што според решението за назначување се должни во определен срок да го положат стручниот испит за звањето за кое во поранешните прописи за стручната спрема не постоела програма на испитот, се должни да го положат тој испит во срок од една година од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

По истекот на една година од денот на влегувањето во сила на овој правилник службеникот од претходниот став не може да биде унапреден во платниот разред повисок од оној во кој се наоѓа додека не го положи испитот.

Член 96

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручната спрема на службениците во ресорот на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/54 и 8/57).

Член 97

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 21047
24 октомври 1960 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

---

**661.**

Врз основа на членот 393 став 3 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59 и 27/60), во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа, сојузниот Државен секретаријат за работите на финансиите пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНАТА СПРЕМА И СТРУЧНИТЕ ИСПИТИ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

Член 1

Во Правилникот за стручната спрема и стручните испити на службениците на банките и штедилниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/60) во членот 24 став 4 втората реченица се менува и гласи:

„Ако на комисијата ѝ е придодаден испитувач, тој присуствува на испитот само додека го врши испитувањето."

Член 2

Во членот 38 ставот 1 се менува и гласи:

„За полагање на посебниот испит за признавање на стручна спрема од повисок степен има право да се пријави само службеник на банката кој има најмалку осум години служба, кој работи најмалку

две години на работите за кои се бара непосредно повисока стручна спрема, и кој за последните четири години е оценет со оценка „се истакнува" или за последните две години — со оценка „особено се истакнува"."

Член 3

Во членот 55 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Хонорарот на испитувачите им се определува за часовите на фактично учествување во работата на испитната комисија, но најмалку за два часа."

Досегашните ст. 2 и 3 стануваат ст. 3 и 4.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 11-5208/1
1 октомври 1960 година
Белград

Државен секретар
за работите на финансиите,
**Никола Минчев**, с. р.

**662.**

Врз основа на точката 6 став 2 од Одлуката за евиденција и контрола на цените на определени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/60), сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет издава

## НАРЕДБА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ЗА КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ПОКАЧУВААТ ЦЕНИТЕ

1. Производителските организации не можат да ги покачуваат постојните продажни цени за следните производи односно групи производи:

1) маслени бои,
2) лакови,
3) режана граѓа од иглолисници,
4) панел-плочи,
5) шпер-плочи,
6) фурнири,
7) вештачки плочи (лесонит и др.),
8) бродарски под,
9) паркет,
10) амбалажа од дрво,
11) хартија: бездрвна, средно фина, тешко пропустлива, тенка од крпи, сурова за индиго и карбон, тенка пишувачка, печатарска и обвивна,
12) картони,
13) лепенки.

2. Како постојни продажни цени во смисла на точката 1 од оваа наредба, се подразбираат цените по кои производителските организации ги продавале односните производи до влегувањето во сила на оваа наредба.

3. Цените за производите од оваа наредба не можат да се покачуваат во срок од 6 месеци од денот на нејзиното влегување во сила, ако во тој срок за одделни производи односно групи производи не се определи поинаку.

4. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 7056/1
12 декември 1960 година
Белград

Државен секретар
за работите на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ**, с. р.

**663.**

Врз основа на точката 4 од Одлуката за определување на највисоките продажни цени на јагленот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/58), во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за индустрија, сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет издава

## НАРЕДБА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РУДНИЦИТЕ НА ЈАГЛЕН ШТО МОЖАТ ДА ГИ ФОРМИРААТ СЛОБОДНО ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА ЈАГЛЕНОТ

1. По исклучок од одредбите на точ. 1 и 2 од Одлуката за определување на највисоките продажни цени на јагленот, следните рудници на јаглен можат да ги формираат слободно продажните цени на јагленот:

1) Рудник рјавега премога „Кањижарица", Чрномељ;

2) Тамнавски рудници лигнита, Уб.

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 7022/1
10 декември 1960 година
Белград

Државен секретар
за работите на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ**, с. р.

**664.**

Врз основа на точ. 2 и 11 од Одлуката за евиденција и контрола на цените на определени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/60), сојузниот Државен секретаријат за работите на стоковниот промет пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Списокот на производите на кои се однесува евиденцијата и контролата на цените, кој е составен дел од Упатството за спроведување на Одлуката за евиденција и контрола на цените на определени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/58, 30/58, 49/58, 2/59, 30/59, 41/59, 1/60), 6/60, 8/60, 11/60, 15/60, 20/60, 31/60, 41/60 и 44/60) во гранката 119 по точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„6) Телевизори".

2. Во гранката 122 по точката 13 се додава нова точка 14, која гласи:

„14) Паркет".

3. Во гранката 124 се бришат точ. 4 и 6.

4. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 7137/1
13 декември 1960 година
Белград

Државен секретар
за работите на стоковниот промет,
**Марјан Брецељ**, с. р.

**665.**

Врз основа на членот 325 став 4 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59 и 27/60), во согласност со Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за општа управа, Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за народно здравје пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНИТЕ ИСПИТИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за стручните испити на здравствените службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/60) во членот 5 текстот под в) се менува и гласи:

„в) фармацеут — стажист за сето време на задолжителниот стаж во определени здравствени установи. По исклучок, во места каде постојат услови за стажирање, фармацеут-стажист изведува стручна обука:

1) во определена аптека — 8 месеци и во клинична лабораторија — 4 месеци, или

2) во определена аптека — 8 месеци, во клиничка лабораторија — 2 месеца и во броматолошка лабораторија — 2 месеца."

Член 2

Во членот 10 точка 3 текстот под д) се менува и гласи:

„д) фармацеутски техничар за сето време на задолжителниот стаж во здравствената установа во која е запослен;".

Член 3

Во членот 19 ставот 3 се менува и гласи:

„Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето фармацеут опфаќа:

1) познавање на лековите со основи на фармакодинамијата — (изработка, испитување и издавање на лекови);

2) општа хигиена."

Во истиот член став 6 текстот под д) се менува и гласи:

„д) фармацеутски техничар:

1) уредување, организација и администрација на аптекарските установи;

2) изработка на галенски препарати;

3) познавање и чување на лекови и санитетски материјали;".

Во истиот член ставот 10 се менува и гласи:

„Градивото за програмата на посебниот дел од стручниот испит за звањето медицински хемичар опфаќа, и тоа:

а) за звањето медицински хемичар што испитува прехранбени продукти:

1) анализа на прехранбените продукти, на водите за пиење и на отпадочните води;

2) хигиена на исхраната со физиологија;

3) општа хигиена;

б) за звањето медицински хемичар што работи во клинички лаборатории:

1) клиничка хемија;

2) лабораториска хематологија;

3) основи на физиологијата;

4) општа хигиена;

в) за звањето медицински хемичар што работи во токсиколошки лаборатории:

1) токсиколошка хемија;

2) основи на физиологијата;

3) општа хигиена."

Член 4

Во членот 20 ставот 2 се менува и гласи:

„Програмата на стручниот испит ја издава Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за народно здравје како свое службено издание."

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 831/1
9 ноември 1960 година
Белград

Секретар
за народно здравје,
др **Херберт Краус**, с. р.

**666.**

Врз основа на членот 46 став 4 од Законот за средствата на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/57, 48/58, 17/59, 48/59 и 52/59), Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за индустрија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НОВО ПРОИЗВОДСТВО

1. Во Наредбата за освојување ново производство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/60) точката 1 под 3 се менува и гласи:

„3) развојот и изработката на прототипови производи и уреди што се резултат на изучувањата според одредбата под 1 и на истражувањата според одредбата под 2 на оваа точка, заклучно со изработката на пробните серии."

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 6329/1
9 декември 1960 година
Белград

Секретар за индустрија,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

**667.**

Врз основа на членот 16 точка 9 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/58 и 18/59), на предлог од Сојузното јавно обвинителство, Секретаријатот на Сојузниот извршен совет за правосудни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈАТА НА ОКРУЖНИТЕ И ОКОЛИСКИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

1. Во Решението за утврдување на подрачјата на окружните и околиските јавни обвинителства („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/59 и 2/60) во одделот I под „В. во Народна Република Словенија" во точката 1 ставот 2 се менува и гласи:

„Околиското јавно обвинителство во Целје за подрачјето на околиските судови во Целје, Шоштањ, Шмарје при Јелшах, Словенске Коњице и Жалец."

2. Во точката 3 одредбите под б) и в) се бришат.

3. По точката 7 се додава нова точка 8, која гласи:

„8. Окружното јавно обвинителство во Крањ за подрачјето на Окружниот суд во Крањ:

а) Околиското јавно обвинителство во Крањ за подрачјето на околиските судови во Крањ и Шкофја Лока;

б) Околиското јавно обвинителство во Радовљица за подрачјето на околиските судови во Радовљица и Јесенице.“

4. Ова решение влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

Бр. 872/60
12 декември 1960 година
Белград

Секретар
за правосудни работи,
др **Јосип Хрнчевиќ**, с. р.

**668.**

Врз основа на членот 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 16/60), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ СПРОВОДНИЦИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Бакарни спроводници | |
| Технички прописи за изработка | JUS N.C0.015 |
| Инсталациони спроводници со разм'кнати жили, PP/R и PG/R | JUS N.C3.230 |
| Плоснат спроводник со напоредни жили, PP/U | JUS N.C3.235 |

2. Наведените југословенски стандарди се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Овие југословенски стандарди се задолжителни и влегуваат во сила на 1 февруари 1961 година.

Бр. 15-5257
12 декември 1960 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**669.**

Врз основа на одделот II став 1 од Решението за утврдување на подрачјето на окружните и околиските јавни обвинителства („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 2/59), Сојузното јавно обвинителство донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ДЕНОТ НА ПОЧЕТОКОТ НА РАБОТАТА НА ОКРУЖНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО ЛИВНО

Окружното јавно обвинителство во Ливно ќе почне со работа на 15 декември 1960 година.

П. бр. 215/60
1 декември 1960 година
Белград

Сојузен јавен обвинител,
**Бранко Д. Јевремовиќ**, с. р.

**670.**

Врз основа на членот 15 став 3 од Законот за јавното обвинителство („Службен лист на ФНРЈ”, бр. 51/54 и 15/57), Сојузното јавно обвинителство донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОКРУЖЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ШТО ЌЕ ГИ ВРШИ РАБОТИТЕ ОД НАДЛЕЖНОСТА НА ОКОЛИСКИ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

1. Окружниот јавен обвинител во Крањ ќе ги врши работите од надлежноста на околискиот јавен обвинител во Крањ.

2. Ова решение влегува во сила на 1 јануари 1961 година.

П. бр. 216/60
1 декември 1960 година
Белград

Сојузен јавен обвинител,
**Бранко Д. Јевремовиќ**, с. р.

**671.**

Врз основа на членот 361 став 3 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ”. бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59 и 27/60), Собранието на Сојузниот завод за социјално осигурување донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИЧКИТЕ МЕСТА (ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА) ВО ЗАВОДИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Во Одлуката за начинот на утврдување на службеничките места (за системацизацијата) во заводите за социјално осигурување („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 39/58) по точката 4 се додава нова точка 4а, која гласи:

„4а. Во околиските и републичките заводи за социјално осигурување бројот на службеничките места за вршење на работите во врска со спроведувањето на здравственото осигурување на земјоделските производители се утврдува со посебни одлуки на овие заводи, според бројот на осигурениците односно членовите на домаќинствата опфатени со ова осигурување.

Републичките заводи за социјално осигурување ќе организираат следење и евидентирање на работата на службениците што ги вршат работите во врска со спроведувањето на здравственото осигурување на земјоделските производители во околиските заводи за социјално осигурување, заради утврдување бројот на службениците потребни за вршење на овие работи.

Републичките заводи за социјално осигурување до 31 март 1961 година на Сојузниот завод за социјално осигурување ќе му поднесат предлог на мерила за утврдување бројот на службениците за вршење на работите во врска со спроведувањето на здравственото осигурување на земјоделските производители.”

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ”.

Бр. 01-14080/1
10 декември 1960 година
Белград

**Сојузен завод за социјално осигурување**

Директор,
**Зденко Хас**, с. р.

Претседател
на Извршниот одбор,
**Мара Нацева**, с. р.

**672.**

Врз основа на членот 3 точка 3 и членот 21 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот завод за статистика („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57 и 12/60), Сојузниот завод за статистика донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ЗЕМЈОДЕЛСКА АНКЕТА ВО 1961 ГОДИНА

1. На територијата на Југославија од 15 до 25 јануари 1961 година ќе се изврши земјоделска анкета со која ќе се соберат податоци за бројот на добитокот.

2. Анкетата во секоја околија ќе опфати околу 5% од сите стопанства, според тоа колку е потребно да се добијат сигурни податоци за подрачјето на околијата.

3. Со подготвителните дејствија, организацијата и спроведувањето на оваа анкета ќе раководи Сојузниот завод за статистика, кој ќе пропише потребни обрасци и упатства за тоа.

4. Околиските заводи за статистика ќе извршат, со помош од општинските народни одбори, избор на најгодни лица што ќе ја вршат анкетата (анкетари).

5. Старешините на домаќинствата се должни, во смисла на членот 21 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот завод за статистика, на статистичките органи да им дадат потполни и точни одговори на прашањата наведени во обрасците.

6. Трошоците за спроведувањето на оваа анкета ќе се подмират од средствата предвидени во претсметката на Сојузниот завод за статистика.

7. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 9658/1
26 ноември 1960 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за статистика,
**Анте Новак, с. р.**

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 5 став 1 од Уредбата за Комисијата за културни врски со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/60), во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58 и 21/59), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА КУЛТУРНИ ВРСКИ СО СТРАНСТВО И ЧЛЕНОВИ ШТО ГИ ИМЕНУВА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШНИ СОВЕТ

За претседател на Комисијата за културни врски со странство се именува Крсте Црвенковски, член на Сојузниот извршен совет и секретар за просвета и култура.

За членови на Комисијата што ги именува Сојузниот извршен совет, се именуваат:

1. Еди Брајник, виш советник во Државниот секретаријат за внатрешни работи на ФНРЈ;
2. Владо Ивковиќ, помошник началник на Управата за персонални работи на Сојузниот извршен совет;
3. Ванда Новосел, директор на Публицистичко-издавачкиот завод „Југославија";
4. Вукалица Милутиновиќ, директор на Управата за техничка помош на ФНРЈ и
5. Мирослав Виторовиќ, директор на Новинско-издавачкото и печатарското претпријатие „Култура".

Б. бр. 82
12 декември 1960 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 9 од Уредбата за основувањето и работата на Музејот на револуцијата на народите на Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/60), во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58 и 21/59), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА МУЗЕЈОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА НА НАРОДИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се назначува за директор на Музејот на револуцијата на народите на Југославија Милорад Паниќ-Суреп, досегашен секретар на Одборот за подготвување предлози за основувањето на „Музејот на револуцијата".

Б. бр. 83
16 декември 1960 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

Врз основа на членот 6 од Уредбата за Институтот за криминолошки и криминалистички истражувања („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/60), во врска со членот 33 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/58 и 21/59), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА КРИМИНОЛОШКИ И КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Се назначува за директор на Институтот за криминолошки и криминалистички истражувања др Милан Милутиновиќ, досегашен директор на Вишата управна школа за внатрешни работи.

Б. бр. 84
16 декември 1960 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Секретар,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

Потпретседател,
**Александар Ранковиќ**, с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

### УРАДНИ ЛИСТ ЉУДСКЕ РЕПУБЛИКЕ СЛОВЕНИЈЕ

„Урадни лист Људске Републике Словеније" во бројот 33 од 27 октомври 1960 година објавува:

**Одлука** за задолжително доставување на печатените работи до научните библиотеки;

**Одлука** за почетокот на исплатувањето на новите положајни плати на факултетските наставници и соработници;

**Решение** за измени на Решението за основувавање Завод за школски и поучен филм;

**Решение** за разрешување и за именување помошник секретар на Извршниот совет за индустрија и занаетчиство;

**Решение** за именување членови на советот на Радио-телевизијата Љубљана;

**Правилник** за вонредното студирање на Вишата домаќинска школа во Гробље кај Домжале;

**Наредба** за спојување на некои населби во општината Блед.

Во бројот 34 од 3 ноември 1960 година објавува:

**Закон** за посебното школство;

**Закон** за згрижувањето;

**Закон** за Вишата школа за социјални работници во Љубљана;

**Одлука** за основување Околиски суд во Словенске Коњице и за неговата месна надлежност;

**Одлука** за потврда на Уредбата за основување Секретаријат на Извршниот совет за информации;

**Одлука** за доделување средства од Резервниот фонд на НРС;

**Одлука** за разрешување односно избор на претседател на окружен суд;

**Решение** за распишување дополнителни избори за пратеник на Републичкиот собор на Народното собрание на НРС во 101 Изборна околија.

## СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 34 од 17 октомври 1960 година објавува:

**Указ** за прогласување на Законот за надградување, со текст на истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за експлоатација на определени минерални суровини, со текст на истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за гробиштата, со текст на истиот закон;

**Одлука** за изменување и дополнување на Деловникот на Народното собрание на НР Македонија;

**Одлука** за изменување и дополнување на Деловникот на Републичкиот собор на Народното собрание на НР Македонија;

**Одлука** за изменување и дополнување на Деловникот на Соборот на производителите на Народното собрание на НР Македонија;

**Одлука** за потврдување на одлуки за основање органи на управата на околиски народни одбори;

**Упатство** за образец за дозвола за лов;

**Исправка** на Правилникот за минималните технички и хигиенско-техничките услови во одморалиштата.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 27 од 28 октомври 1960 година објавува:

**Резолуција** за унапредување на туризмот во НР Црна Гора;

**Указ** за прогласување на Законот за заштитата на земјиштата од ерозија и порои, со текст на истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за искористување на пасиштата, со текст на истиот закон;

**Указ** за прогласување на Законот за хидромелиорационите системи и за искористувањето на поледелското земјиште на подрачјето на хидромелиорационите системи;

**Одлука** за измени на Одлуката за надоместоците и платите за постојаните функции на пратениците на Народното собрание на НР Црна Гора;

**Одлука** за измени на Одлуката за рамките за утврдување на положајните плати на службениците на републичките органи;

**Одлука** за избор на членови на Советот на Економског факултета во Титоград што ги избира Извршниот совет на Народното собрание на НР Црна Гора;

**Одлука** за височината на надоместокот за експроприрано поледелско земјиште за 1960 година на територијата на НР Црна Гора;

**Решение** за укинување на Основното училиште во Подострог на територијата на Општината Будва.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 651. | Уредба за професионалната рехабилитација на децата на осигуреници — — — | 925 |
| 652. | Уредба за завршните сметки на стопанските организации за 1960 година — — | 928 |
| 653. | Уредба за дополненија на Уредбата за цените и за условите за продажба на електрична енергија — — — — — | 929 |
| 654. | Уредба за Вишата школа за цивилна заштита — — — — — — — — | 929 |
| 655. | Уредба за основувањето и работата на Музејот на револуцијата на народите на Југославија — — — — — — — | 931 |
| 656. | Уредба за престанок на важењето на Уредбата за управите за приходи — — | 932 |
| 657. | Уредба за измена на Уредбата за звањата и платите на службениците на органите на внатрешните работи — — — — | 932 |
| 658. | Одлука за измени и дополненија на Одлуката за стручната спрема на службениците на санитарната инспекција — — | 933 |
| 659. | Одлука за измена и дополнение на Одлуката за користење на придонесот од доходот отстапен на определени стопански организации за нивните фондови — — | 933 |
| 660. | Правилник за стручната спрема на службениците на органите на внатрешните работи — — — — — — — — | 933 |
| 661. | Правилник за измени и дополненија на Правилникот за стручната спрема и стручните испити на службениците на банките и штедилниците — — — — | 943 |
| 662. | Наредба за определување на производите за кои не можат да се покачуваат цените | 944 |
| 663. | Наредба за определување на рудниците на јаглен што можат да ги формираат слободно продажните цени на јагленот | 944 |
| 664. | Упатство за измени и дополненија на Упатството за спроведување на Одлуката за евиденција и контрола на цените на определени производи — — — — — | 944 |
| 665. | Правилник за измени на Правилникот за стручните испити на здравствените службеници — — — — — — — — | 945 |
| 666. | Наредба за измена на Наредбата за освојување ново производство — — — — | 945 |
| 667. | Решение за измени и дополненија на Решението за утврдување на подрачјата на окружните и околиските јавни обвинителства — — — — — — — — | 945 |
| 668. | Решение за југословенските стандарди за електрични спроводници — — — — | 946 |
| 669. | Решение за денот на почетокот на работата на Окружното јавно обвинителство во Ливно — — — — — — — | 946 |
| 670. | Решение за определување окружен јавен обвинител што ќе ги врши работите од надлежноста на околиски јавен обвинител — — — — — — — — | 946 |
| 671. | **Одлука** за дополнение на Одлуката за начинот на утврдување на службеничките места (за систематизацијата) во заводите за социјално осигурување — — — — | 946 |
| 672. | Решение за извршување земјоделска анкета во 1961 година — — — — — — | 947 |


**Издава Новинска установа „Службен лист на ФНРЈ", Белград, Краљевиќа Марка 9. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград**